# STRONGER TOGETHER

# Заедно Посилни

Erasmus+



# Содржина

## Наставна Програма Заедно посилни

**STRONGER TOGETHER**
Вовед 3

**ПЕТТЕ МОДУЛИ 4**

**МОРАЛНОСТ 5**

**АКТИВНОСТИ**
Активност 1 10
Активност 2 12
Активност 3 14

**САМОКОНТРОЛА 24**

**АКТИВНОСТИ**
Активност 1 28
Активност 2 30
Активност 3 31

**ВКЛУЧУВАЊЕ & ДИВЕРЗИТЕТ 35**

**АКТИВНОСТИ**
Активност 1 38
Активност 2 39
Активност 3 41

**КРИТИЧКО МИСЛЕЊЕ 45**

**АКТИВНОСТИ**
Активност 1 48
Активност 2 50
Активност 3 52

**ПРЕВЕНЦИЈА И РЕШАВАЊЕ КОНФЛИКТИ 58**

**АКТИВНОСТИ**
Активност 1 63
Активност 2 66
Активност 3 67

**РЕЧНИК 75**

**РЕФЕРЕНЦИ 77**

**DISCLAIMER**
Поддршката на Европската комисија за производство на оваа публикација не претставува одобрување на содржината, која ги одразува ставовите само на авторите, а Комисијата не може да биде одговорна за каква било употреба што може да се направи од информациите содржани во неа”.

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

DESIGNED BY
CATHARINA SOFIE

# Вовед

Заедно Посилни е составен од наставна програма, која е составена од 5 модули кои наставниците ќе ги користат на часовите, со цел да се одржува дијалог за социјално вклучување, критичко мислење, моралност, самоконтрола, превенција на конфликти и решенија на конфликти кои сепак ќе помогнат за превенција на радикализацијата. Наставната програма ќе ги опреми едукаторите да ја водат дебатата и да ги подобрат нивните способности за предавање на темата, која моментално има недостаток на материјали за ученици од основно училиште во многу земји. Наставната програма е поддржана и со дигитална друштвена игра. Наставната програма и друштвената игра ќе ги ангажираат наставниците, учениците и родителите, притоа продолжувајќи ја дискусијата и надвор од училницата. Ова ќе допринесе за подобра размена на различни идеи и гледни точки на темата. Затоа, наставната програма комбинира конвенционални методи на учење и материјали со дигиталната игра, притоа допринесувајќи и за дигиталното образование на едукаторите и учениците, истовремено потврдувајќи дека дигитализацијата е добра за социјални активности и тимска работа.

Наставната програма се состои од пет модули и поврзани активности за понатамошното знаење за проектот, и водство околу користење на наставната програма и дигиталната игра на часот – погледнете го линкот Stronger Together Handbook.

# ПЕТТЕ МОДУЛИ



# Моралност

## Наставна програма

Живеењето заедно подразбира споделени правила и вредности. Правилата се генерално поставени од законот или регулативите, и тие мора да се почитуваат, бидејќи инаку се подложни на санкции. Помеѓу основните вредности на Европските демократски општества се слобода, почит, еднаквост, законодавството, и поделбата на моќи. Правилата и вредностите не се статички, но може да се развијат преку демократска дебата. Моралноста е за праење избори и однесување според тоа што веруваме дека е точно, во согласност со нашите убедувања (слобода, одговорност) и правилата и вредностите во општеството каде живееме (почит, законодавство)

**01**
Модул



# Содржина
Модул 1


**МОРАЛНОСТ**
Клучна порака 5

**ВОВЕД** **6**
Главни цели 7

**ИНСТРУКЦИИ** **8**
Образовни совети и водење 10

**АКТИВНОСТИ**
Активност 1
Игра Дилема 10

Активност 2
Што е правда? 12

Активност 3
Правила 14

**ПРИВРШУВАЊЕ**
Реакција 15

Преглед 16

**ЗАКЛУЧОК** **16**

**ОЦЕНУВАЊЕ** **17**

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ИЗВОРИ** **17**

# Вовед

Европа моментално се соочува со важни предизвици поврзани со социо-економски потешкотии, национализам, радикализам, и попречена доверба во демократскиот процес. Вакви предизвици се закани за мирот, демократијата, слободата, и толеранцијата.

Образованието и вежбањето може да помогнат во соочувањето на вакви закани преку негување на взаемна почит и промовирање на основни вредности. Граѓанското образование има посебна улога во овој контекст, и споделените правила и вредности на групата (општеството) може да се пренесат од една генерација на друга. Во овој контекст, благодарение на самоконтролата и критичкото мислење, моралот на луѓето може да биде зацврстен, особено кај учениците.

Важно е да се запомне дека почитувањето на вообичаени и демократски закони и правила се корисни не само за општеството, туку и за единката исто така, и ова води кон демократско општество во кое секој ќе живее мирно (вклучување и диверзитет).



Образованието е поврзано на еден природен начин со развојот и растот на единките во еден инлузивен општествен контекст.

Сите форми на одговорно образование се корисни не само за единките, туку и за општеството како целина. Образувањето за моралноста сепак, има посебна поврзаност со благосостојбата на општеството и неговите институции. Во училиштата, образувањето за моралност е поврзано со:

**Самконтрола**

Образувањето за моралноста е поддржано од развојот на самоконтролата: личен развој (самодоверба, одговорност, и контрола врз емоции); комуникација и слушање; соработка со другите.

**Вклучување и диверзитет**

Образованието (граѓанско) за моралноста, го поставува патот за справување со диверзитет во училиште. Учењето и разбирањето на правилата кои владеат со граѓанскиот живот ги потпомагаат општествените релации од внатре и од надвор во едно училиште, и креираат средина на еднаквост и недискриминација.

**Критичко размислување**

Моралноста е исто така поврзана со развојот на критичкото мислење од учениците. Критичкото мислење помага да се вежба нашето расудување и разбирање на околниот свет, благодарение на менаџирањето на информации и соодветното користење на извори.



**Превенција од радикализација**
Училиштата се во примарна позиција за придонес кон намалување на погрешните верувања и информации кои се основа на говор на омраза и затворени односи, преку помагање на децата да развијат емпатија и ценење, како и почит на културните разлики.

# Главни цели

Содржината и материјалите кои се предложени во наставната програма (и во тренинг модулот “моралност”), како и во друштвената игра, има за цел да им обезбедни на наставниците и едукаторите едноставни и спремни инструкции и алатки кои ќе го водат на еден разбирлив начин кон превенција од радикализација.

Петте теми на наставната програма (моралност, самоконтрола, вклучување и диверзитет, критичко мислење, превенција и решавање конфликти) се важни сегменти на едно инклузивно општество. Тие треба да се учат уште од рана возраст на личниот развој. Stronger Together предлага метод кој ќе ги научи на еден разбирлив



развој на морални вредности: за да се разбере важноста на почитувањето правила и вредности, вклучувајќи и добронамерно однесување, праведност и културни манири; за да се присвојат универзални вредности, вклучувајќи и мир, правда, слобода, демократија, човекови права, одговорност, почит за другите (види исто “вклучување/диверзитет” модул).

Почит на правила и регулативи:
Расудување на рационален начин благодарение на самостојното и критичко мислење (види исто “критичко мислење” модул) од различни перспективи; и способноста да се препознаат значењето и вредностите вмрежени во животните избори на објективен и рационален начин, како и да се прават свесни расудувања, и да се превзема одговорност на правилата и регулативите. “Заедничко живеење” во диверзитет во едно општество како активен граѓанин: правење рационални и одговорни одлуки со ентузијастични одлуки во различни полиња, со цел да се биде посветен на живеење во добро со другите и да се биде информиран и одговорен “Европски/глобален” граѓанин (види исто модул “превенција и решавање на конфликти”)

Со цел да се продолжи на правилен начин, личните избори и одговорности: да се подобри личното препознавање на разбирање на улогата, одговорностите, правата и обврските во една заедница (види исто модул “Самоконтрола”)

# Инструкции

Образување за моралност значи да се помогне на учениците во наоѓање на соодветно размислување, правење информирани избори и долготрајно практикување на истите.
Чекорите кои водат кон ваков однос се

- Помагање за свесноста кај детето за поставување/прифаќање на граници и правила, и почитување на истите;
- Објаснување на причините за вакви ограничувања (општествени правила и вредности);
- Овозможување на детето да си постави сопствени граници и да се однесува соодветно (личен морал);
- Овозможување на детето да биде свесно за причините и целите на соодветното однесување во однос на општествените и личните граници, заедно со последиците од нивно непочитување;
- Образување за однесување соодветно со тоа што веруваме дека е правилно, согласно со нашите убедувања, правила, и вредности на општеството.

Наставникот треба да има силен личен морал, да почитува општествени правила и да демонстрира постојаност во однесувањето (кое мора да е одлично); децата ќе го имитираат однесувањето на едукаторот повеќе отколку неговите зборови. Активностите овде се предложени да им дозволат на учениците да работат на своите концепти за “моралност и вредности”.

Три различни активности кои се предложени:

Игра дилема – “Морална” дилема е тежок избор во одредена ситуација каде има противречности помеѓу различни правила, вредности или морални концепти (лични и/или општествени).

Што е правда – Во оваа активност учениците ќе разберат дека
А) некои постапки се фер за една особа но нефер за друга
Б) правда, закони и правила помагаат да се препознае што е правилно или фер
В) има разлика помеѓу казна и одмазда

Правила – Оваа активност ги вклучува учениците во една дискусија за важноста на правилата во врска со моралноста во општеството.

# Инструкции

Воведот во темата ќе започне со сопственотто знаење на учениците на темата, и ќе биде базирано на дијалози. Клучните зборови од дијалозите на учениците и дискусиите, ќе бидат запишани на лепливи ливчиња и додадени на постер. Наставникот ќе ги води учениците низ различни дијалози и ќе додава забелешки каде е потребно.

Потоа наставникот објаснува дека денешната тема е Моралност. Ако е потребно (во зависност од возраста), наставникот може да ја прикаже темата во две минути, преку зборување за клучната порака и целите (погоре) и појаснувајќи ги истите на класот, поврзувајќи го ова со предложените активности (подолу).

Наставникот потоа закачува постер А3 големина или поголем, на таблата, и ја пишува темата од модулот Моралност на горниот дел од хартијата. Наставникот потоа дава лепливи ливчиња и ги дели учениците по парови (тие што седат едни до други) за да размислат околу прашањето: Што е моралност за тебе? Тие имаат две минути да разговараат за ова. Учениците потоа пишуваат клучни зборови за време на нивниот разговор. Потоа, наставникот им вели да се свртат кон парот позади нив или до нив (за да бидат четири) и да зборуваат за нивните дефиниции, како и да ги напишат новите клучни зборови, ако такви има. Учениците имаат една минута за ова. Потоа, наставникот ќе започне класна дискусија од околу 10 минути, базирано на нивните разговори и да праша: Што е моралност за тебе? Додека учениците ги презентираат нивните разбирања за темата Моралност, клучните зборови се додадени на постерот. Наставникот потоа ја следи дискусијата и допринесува со забелешки кои ја подобруваат дискусијата и ги тераат учениците повеќе да размислуваат на темата.

Наставникот потоа им кажува на учениците да ги разгледуваат следните прашања како:
:

**„Што е правилно и што е нефер според тебе? Дали можеш да дадеш примери?“**

и

**„Што е правило за тебе? Те молам, дај ми пример.“**

Врз основа на коментарите од учениците, наставникот може да направи сумирање и да предложи дефиниција за “моралност”, инспириран од информациите и концептите (погоре) на учениците.



Во зависност од одбраната активност, објаснете што е “морална дилема” (Активност 1), значи “Правда”, (Активност 2) или што значи “Правило” (Активност 3).

**Игра Дилема:** Замислете дека сте вклучени во една комплексна ситуација и пробајте да решите што мислите дека е правилно/добро/културно да се направи. Вистинските ‘правилно’ одговори може и да не постојат во оваа ситуација, туку постојат избори помеѓу различни морални императиви и треба да се избере она што мислите дека е најважно.

**Правда**: “Сега ќе гледаме слајдови и ќе одговориме прашања. Треба да одговорите искрено, за да се прегледа како се чувствувате и што мислите дека е правилно (фер/добро) или не.”

**Правило**: “Правило е принцип или процедурално однесување или пак интеракција меѓу луѓе. Во нашата активност, ви давам карта со “ситуација” или “тема”. Треба да напишете 3 правила за оваа ситуација/тема, 3 санкции и кој, според вас, треба да ја надгледува имплементацијата на правилата. ”

## Образовни совети и водење

Образовните предложени методи се:

- Лице-в-лице активности (генерално во група)
- Активности ориентирани кон игра
- Глумење улоги



# АКТИВНОСТ 1

## Игра Дилема

4то одделение

45 мин.

Креда за цртање линија на подот (материјали)

Училница

## Подготовка и Објаснување на активноста

Наставникот кажува нешто како “Ве молам замислете дека сте дел од една тешка ситуација и одлучете што мислите дека е коректно/правилно/културно да се направи. Вистинските ‘правилно’ одговори може и да не постојат во оваа ситуација, туку да постои избор кој треба да се направи помеѓу различни морални императиви и да се одбере што мислите дека е најважно.”

Потоа, наставникот црта линија на подот од училницата, и една страна означува: “Се согласувам”, а другата страна: “Не се согласувам”, и колку подалеку учениците одат од линијата, толку повеќе тие се согласуваат или не се согласуваат со изјавата. Тие треба да објаснат зошто се согласуваат или не се согласуваат со изјавата.

# Инструкции

Наставникот чита на глас кратки случаи-приказни кои завршуваат со изјава како:

**А)** Џорџија е многу добра по математика и добро ја пишува домашната задача, но не се справува со стресот од тешките тестови. Затоа, мора да се знае дека е ОК ако таа малку препишува.

**Б)** Сведок си дека некое момче го ограбува твојот училишен другар, но наместо да ги задржи парите за себе, тој ги донира во локално сиропиталиште. Знаеш дека ова сиропиталиште имало проблеми со пари, и овие средства ќе им овозможат на децата да добијат добра храна, облека, и медицинска грижа. Ако го пријавиш ова дело, парите ќе бидат земени од сиропиталиштето и вратени на твојот другар, затоа, ОК е да не се пријави.

**В)** На остров сте со 30 луѓе, на спасувачки чамец, кој е наменет за само седум луѓе. Никој не може да весла ваков чамец, и тој најверојатно ќе потоне и сите во него ќе се удават. Тебе ти текнува дека може да спасиш неколку луѓе со тоа што ќе ги турнеш само најслабите веслачи од чамецот. Затоа е морално во ред да се спасат само некои доколку другите ги турнеш во вода, посебно бидејќи инаку сите други би се удавиле во секој случај.

**Г)** Сакаш да купиш нов смартфон. Си го најде омилениот во продавницата, но особата зад тебе ти објаснува дека тој бренд прави производи со помош на млади деца робови, кои работат дури и по 18 часа дневно. Ти не можеш да го смениш светот и во секој случај го купуваш ова.

**Д)** Ти и твојот пријател сте заробени и изолирани на остров. За жал, двајцата сте многу болни. Но, по некоја случајност, имате антибиотик само за една особа. Како ти и твојот пријател ќе одлучите кој да го земе апчето? Ти го земаш антибиотикот иако се чувствуваш виновно за пријателот кој умира, бидејќи инаку, двајцата ќе умревте.

За секое прашање, учениците треба да си ја завземат нивната страна околу линијата, и наставникот треба да ги праша учениците да објаснат зошто се согласуваат или не се согласуваат.

За да се поттикне дебата за вредности меѓу учениците, наставникот може да користи прашања како:

Што е правилно и што е нефер за тебе? Дали можеш да дадеш примери?

Што е за тебе правило? Те молам, дај ми пример.

Разјасни ги концептиве: граници, правила, моралност, праведност

# Релевантност на активноста со темата

Оваа вежба може да се искористи како вовед во темата "Моралност". Моралноста значи да се прават избори и да се однесуваме според она што мислиме дека е правилно, и согласно со нашите убедувања, како и правила и вредности на општеството. Моралните дилеми покажуваат дека ова не е секогаш лесно и дека вистински 'правилни' одговори може и да не постојат во некои ситуации, туку се само избор помеѓу различни морални императиви.

# Очекувани резултати

Оваа активност ќе ги подготви учениците да ги разгледаат нивните морални вредности и да ги сослушуваат соучениците. Ова може и да ги подготви за подобро разбирање на концепти како: граници, правила, моралност, праведност...

# Коментари

Оваа активност може да биде соодветна за различни возрасни групи.



# АКТИВНОСТ 2

## Што е правда

5то одделение

50 мин

Презентација PowerPoint, компјутер, видео-проектор, Приказната за Крал 33, Анкети за оценување и пенкала (Дополнителни извори) (материјали)

Училница

# Објаснување за активноста

Постерот кој беше креиран на почетокот на модулот може сега да користи како референца за учениците за време на активноста, кон која ќе се насочат доколку им треба да се присетат како да ја дефинираат темата.

Пред почнување на PowerPoint презентацијата, наставникот бира 3 ученици кои ќе ја предводат улогата на 3 анимирани животни кои се појавуваат на слајдовите: Софија жирафата, Биби мечката, и Јојо зајакот (слободно може да ги смените имињата овде). За секој слајд, наставникот им кажува на учениците да поставуваат прашања и да предложат одговори, пазејќи на временскиот распоред.

# Инструкции

**ПРОЕКЦИЈА НА СЛАЈДОВИТЕ И РАБОТИЛНИЦА**

Во оваа вежба, осигурајте се дека сите учествуваат, и на пример учениците може да добијат една минута за да ги дискутираат прашањата со парот кој седи до нив пред да ја започнат групната дискусија.

Наставникот потоа започнува со кажување на учениците да видат одредени слајдови и да одговорат на некои прашања. Важно е учениците да одговорат искрено, и да се присетат на тоа како се чувствувале и што мислат дека е правилно или не.

**Слајд 1.** Вовед.

**Слајд 2**. Анимираните карактери им се претставуваат на децата.

**Слајд 3.**

**Јојо ги прашува учениците:**дали некогаш ви кажале дека не сте фер? Зошто? Мотивирајте ги учениците да дадат примери од нивното секојдневие (на пример, училиште, дом, пријателство).

**Биби ги прашува учениците:** што е фер особа?

Учениците го даваат нивното значење за зборот фер. Ако е потребно, наставникот прашува дополнителни прашања врз основа на коментарите од учениците и пробува да ги насочи во нивната дефиниција на зборот.

**Слајд 4.**

**Биби прашува:** Кој одлучува што е фер или нефер? Дискутирајте со учениците за нивното прашање. Одговорите зависат од ситуацијата (во училницата, дома, помеѓу пријатели).

**Јојо прашува:** Дали нешто што е фер за тебе може да биде нефер за друг?

Охрабрете ги учениците да дадат примери за ситуации во кои некои постапки се фер за една особа, и нефер за друга. Целта на ова прашање е за учениците да разберат дека ситуациите може да бидат разбрани од различни гледни точки

**Слајд 5.**

**Софија прашува**:Дали некој има право да се однесува нефер?

Како дополнително прашање, наставникот ги прашува децата "Дали некогаш може да оправдате нефер однесување?"

**Јојо прашува:** Дали одмаздата е фер?

**Слајд 6.**

Ве молиме седнете и слушајте ја приказната за Крал 33.

Може да ја најдете во Дополнителни извори.

Наставникот и/или ученикот(учениците)може да ја чита на глас пред целиот клас.

По читањето, наставникот треба да се осигура дека учениците ја разбрале приказната. Ако е потребно, наставникот ја чита приказната уште еднаш и ги замолува децата да ја сумираат. Наставникот исто така објаснува повеќе околу деловите кои не се разбрани од учениците

**Слајд 7.**

Учениците одговараат на прашањата поврзани со приказната за Крал 33.

**Биби прашува:**Ако би биле на местото на канаринецот, што ќе направевте?

**Софија прашува**Дали Крал 33 направил правилна/фер одлука за сите?

**Јојо прашува: Ако бевте во позиција црвена риба, што би** направиле?

# Релевантност на активноста со темата

Вежбата и поточно прикazната за Крал 33 открива дека понекогаш, нема да се согласиме за тоа што е фер и нефер (лошо, неправилно),бидејќи нашите индивидуални убедувања може да се разликуваат, како и нашата перцепција за фактите. Вредности, правила и расудувања би требало да се помошни алатки за спогодба во тој поглед. Но, правдата е критичка тема бидејќи има разлики помеѓу луѓето (културни, морални, општествени, возрасни, способности...) и строг третман на еднаквост за сите може да доведе до катастрофи. Всушност, еднаков третман се однесува на споредливи ситуации.

# Очекувани резултати

Благодарение на оваа работилница, возможно е за учениците да разберат дека:

- Некои постапки се фер за една особа и нефер за друга
- Правдина, закони и правила помагаат за препознавање на тоа што е добро, или фер, но исто така и нашиот морал и критичко мислње се тие што помагаат за подобро да го почитуваме својот интегритет како и интегритетот на другите
- Ништо не е совршено, правдата е критичка дисциплина, и има разлика помеѓу “правилно” и “најдобро” или “погрешно” и “најлошо”

# АКТИВНОСТ 3

## Што е правда

6то одделение

50 мин.

Пенкала, хартија, и една картичка за секоја група од 5 деца, со ситуација или активност на секоја картичка (Дополнителни извори) (Материјали)

Училница

# Објаснување на активноста

Постерот креиран на почетокот на модулот може да биде користен за референца кон учениците за време на активноста, кон која тие може да се навратат, ако им треба присетување за дефиниција на темата.

Наставникот започнува со кажување: “Правило е принцип или владејачка процедура или интеракција меѓу луѓе. Во нашата активност, ќе ви дадам картича со “ситуација” или “тема”. Треба да напишете 3 правила за ситуацијата/темата, 3 санкции, и кој според вас, треба да ја надгледува изведбата на правилата.”

Децата се групирани по пет, и секоја група добива една картичка со ситуација или активност “Правила за...”

# Инструкции

**РАБОТИЛНИЦА**

ЧЕКОР 1 (максимум 10 мин.)
Децата работат во група и препознаваат:

Три правила кои треба да ги најдат и треба да се аплицираат на активноста опишана на нивната картичка;

Три санкции, или казни ако има прекршување на правилата;

Кој ја надгледува изведбата на правилата.

ЧЕКОР 2 (максимум 10 мин.)
Во групата се дискутира зошто тие правила и санкции се важни. Еден член на групата ги запишува споделените гледишта за:

Кои се правилата и зошто се тие важни?

Кои се санкциите и зошто се тие важни?

ЧЕКОР 3 (максимум 10 мин.)
Еден член од секоја група ги презентира групните резултати пред класот.



# Релевантност на темата

Оваа активност развива дискусија во врска со важноста на правилата со цел да се живее заедно во мир во едно општество.

# Очекувани резултати

Децата учат да:

- Размислуваат за потребата од правила;
- Ги разберат последиците од прекршување на правилата.

# Приврштување

По секоја активност и/или на крајот на модулот, наставникот приврштува и ја оценува сесијата со учениците.

**Реакција**

Наставникот ги остава учениците да се групирани по парови и ја користи стратегијата **мисли-пар-сподели** кадешто учениците почнуваат со мислење во себеси, околу 2 минути, за прашања како
:

- Што е најважното нешто што го научив?
- Сакам да научам повеќе за...
- Тоа што најмногу ме збуни беше...

Потоа, учениците по парови ги споделуваат нивните одговори и мисли еден со друг, во околу 3 минути.

Сесијата завршува со дискусија од околу 5 минути, предводена од наставникот кој ќе ги реформулира прашањата од погоре. Наставникот исто така го мери времето.

**Преглед**

Прво, наставникот може да го прегледа целиот модул, и да се присети на значајни факи кои се спомнале за време на учењето, да реформулира важни учења, да ги поврзе искуствата и дискусиите на учениците, итн. Ова може да води кон дијалог во класот околу тоа што е важно да се запомни, да се научи или извежба во врска со **моралност**.

Наставникот ја поттикнува дебатата со следните прашања:

- Зошто ни требаат правила?
- Што е нивната улога?
- Што се последиците од кршење на правилата?
- Дали правилата важат за секој?
- Зошто е важно да има санкции во случај да се прекршени правилата?
- Какви правила имаме во нашите училишта?

Во меѓувреме, наставникот оди назад кај постерот со лепливите ливчиња кои учениците ги напишаа на почетокот на модулот. Наставникот ги запишува прегледите од учениците на постерот, поврзувајќи ги со тоа што научиле за моралност. Потоа, таа/тој на глас ја чита содржината од постерот. Прво, како учениците дефинираат моралност и второ, нивните главни учења по модулот.затоа, сега класот има нивен постер кој дефинира моралност и ги има и нивните пронајдоци за моралност.

Целокупното време на прегледот не треба да трае подолго од 10 минути.

# Заклучок

Врз основа на постерот, како и клучната порака и целите на
модулот (погоре), наставникот може да ги сумира основните учења од модулот во максимум пет минути. Наставникот треба да го заврши објаснувањето со тоа дека без јасни и добро дефинирани правила многу активности не би биле воопшто изведени. Правилата овозможуваат услови за континуирана изведба на активностите, како и фер третман на сите учесници во истите. Правилата може да се различни за различни учесници во една активност, сепак мора да има правила кои ќе се однесуваат на сите што се учесници генерално. Има многу причини кои ги прекршуваат правилата и затоа мора да има санкции за нив.

Наставникот исто така треба да се фокусира на аспектите на моралност кои учениците не ги спомнале, или да ги забележи да се фокусира на нив во иднина.



# Оценување

По секоја активност и/или на крајот на модулот, наставникот треба да приврши и да ја оцени сесијата со учениците.

Оставете смајлињата да кружат во класот. Секој ученик може да избере едно и да даде коментар за неговото/нејзиното оценување од модулот ако тој/таа сака.

Испринтајте ги смајлињата во различни расположенија:




Да

Не сум сигурен/на

Воопшто не



# Дополнителни Извори

## АКТИВНОСТ 2 – СЛАЈДОВИ












Дали понекогаш можеш да оправдаш нефер однесување?

Кој одредува што е фер, а што е нефер?




Дали нешто што е фер за тебе е нефер за друг?



Ако си на место на црната птица, што би направил/а?

Дали Крал 33 направи правилна/фер одлука за сите?

Ако си на место на црвената риба, што ќе направеше?







Чао чао!

## АКТИВНОСТ 2 – Приказната за Крал 33

(translated by La favola del re Trentatrè di Claudio Imprudente)

Еднаш одамна имаше еден крал што се викаше Триесет и три.

Еден ден, Триесет и три мислеше дека кралот треба да е фер кон сите.

Тој го повика дворскиот шут Сберлефо, и кажа: “Сакам да бидам крал, за да бидам различен од другите кралеви и да бидам добар крал”.

“Добра идеја Ваше Височество” - одговори Сберлефо со сарказам. Задоволен со оваа реакција, кралот му кажа на шутот да си оди.

“Во моето кралсво – си мислеше кралот – сите имаат право на еднаквост и третирање на ист начин”.

Во тој момент, Триесет и три одлучи да започне еднаквост во кралската палата.

Тој го зема канаринецот од сребрениот кафез и го пушти да лета низ прозорот; канаринецот му се заблагодари и исчезна брзо кон небото.

Задоволен со одлуката, Триесет и три ја зема златната рипка од аквариумот и го направи истото како со канаринецот, но кутрата рипка падна и умре.

Кралот зачуден си помисли: “лошо за рипката, можеби не сакаше правда”
Кралот го викна шутот за да разговара за ова.  Сберлефо ја слушна приказната со почит и му предложи на кралот да ја смени тактиката.

Затоа, Триесет и три ја зема пастрмката од фонтаната на градината, и ја фрли во реката: пастрмката скокна среќно.

Потоа кралот на зема црната птица од златниот кафез и ја втурна во реката, но птицата умре.

“Глупава птица - помисли Триесет и три - ни таа не сакаше еднаквост”. Тој повторно го викна Сберлефоза да му даде совет.
“Епа! - гласно извика кралот - “како да ги третирам сите исто?” “Ваше височество - изговори Сберлефо - за да ги третирате сите со еднаквост прво мора да препознавате дека секој е различен од другите. Правда не значи да се даде едно исто нешто на секој, туку да се даде на секој тоа што му треба”.

Аристотел го кажал следново:
HERE COMES THE ARISTOTELE WITH HIS CLAIM:



IN THE SAME WAY AS PEOPLE, WHEN THEY REACH THEIR FULL DEVELOPMENT, THE BEST OF ALL CREATURES, WITHOUT LAW AND JUSTICE IS WORST OF ALL...

Исто како што луѓето го достигнуваат својот целосен развој, најдоброто од сите суштества, без присуство на закон и правда, е најлошото...

Конфучие го кажал следново:
HERE COMES THE CONFUCIUS WITH HIS CLAIM:



KINDNESS RETORT WITH KINDNESS, BUT EVIL RETORT WITH JUSTICE.

На добрина се враќа со добрина, но на зло се враќа со правда...

# АКТИВНОСТ 3 – КАРТИЧКИ



RULES TO KEEP CLEANED
THE CLASSROOM

**Правила за чиста училница**







RULES TO RESPECT WHILE EATING

Правила за време на јадење



Правила за почит во спортски игри





RULES TO RESPECT WHILE PLAYING SPORTS



RULES TO RESPECT WHEN SEPARATING WASTE

Правила за почитување на поделба при рециклирање и сортирање ѓубре




RULES TO RESPECT WHILE PLAYING IN PLAYGROUND OR PARKS
Правила за почитување додека играте на игралиште или во паркови


RULES TO RESPECT WHEN WALKING DOWN THE STREET
Правила за кога одите надвор на улица


Правила за почитување додека патувате
RULES TO RESPECT DURING A TRIP


RULES TO RESPECT WHILE YOU ARE AT THE LIBRARY
Правила за почитување во библиотека







# ДОКУМЕНТИ

Eurydice Brief Citizenship Education at School in Europe 2017 - Автори EACEA: Isabelle De Coster Emmanuel Sigalas во соработката од Sogol Noorani и Elin McCallum (надворешен експерт)

Распоред и графика: Patrice Brel - EC-04-18-086-EN-C (хартија) EC-04-18-086-EN-N (ПДФ) ISBN 978-92-9492-708-8 (хартија) ISBN 978-92-9492-709-5 (ПДФ) doi:10.2797/818387 (хартија) doi:10.2797/778483 (ПДФ) © Education, Audiovisual and Culture Executive Agency, 2018

Manuale per insegnare nella diversità Guida pratica, con strumenti, metodi e migliori esperienze, per insegnare A cura di: Zora Popova, Roberta Medda-Windischer, Marta Jiménez-Rosano, Cor van derMeer, ViktoriaMatovskaya, MarlousVisser, HeshaniJayaratne ISBN: 978-88-98857-45-6 2018

Може да најдете соодветни пример (на Англиски) околу моралните дилеми во школската возраст:
https://prezi.com/tklf4b5rkukp/moral-dilemmas-in-school-age-children/

Повеќе информации и примери (на Француски) за изведба на активностите има на: http://www.entre-vues.net/wp-content/uploads/2018/05/110-le-on-pour-le-secondair-1.pdf

Може да го најдете прирачникот за наставникот, за оригиналната игра на:
http://www.ethics-education.eu/tools/Justice_9_11_TeacherManual_WhatIsJustice_EN.pdf

# САМОКОНТРОЛА

## Наставна програма

Самоконтролата ни дозволува да ги контролираме импулсите и подобро да напредуваме кон нашите лични цели додека истовремено ги почитуваме другите. Учењето на самоконтрола почнува во детството преку развој на емоционални и социјални вештини: разбирање и контрола на емоции, отпор на искушенија, толеранција на фрустрација, упорност. Праксата и искуството овозможуваат развој на самоконтрола. Кога се соочуваме со тешки ситуации, важно е да научиме да се повлечеме и да ја контролираме агресијата. Учењето на самоконтролата е помогнато од грижлива средина и е потребно поддршка од наставниците и родителите. Генерално, подобри резултати се постигнати со присвојување на однос на соработување, одколку со натпревар или самостојна работа.

**02**
Модул



# СОДРЖИНА
Модул 2

**САМОКОНТРОЛА**
Клучна порака 24

**ВОВЕД 25**
Главни цели 26

**ИНСТРУКЦИИ 26**
Образовни совети и водење 27

**АКТИВНОСТИ**
Активност 1
Мое ниво на самоконтрола 28

Активност 2
Струп тест 30

Активност 3
Приказ на забавно видео 31

**ПРИВРШУВАЊЕ 33**
Реакција 33

Преглед 33

**ЗАКЛУЧОК 34**

**ОЦЕНУВАЊЕ 34**

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ИЗВОРИ 34**

# Вовед

Самоконтролата е нашата способност да ги контролираме нашите мисли и желби. Може да биде изразено на неколку начини, на пример преку концентрирање, самодисциплина, или волја.

**Постојат три категории на самоконтрола:**

Резервираност ("Подобро е да не правам...") кое се однесува на неправење нешто што сакаш да го направиш.

Активирање на контрола ("Јас ќе"), кое се однесува на правење нешто што не сакаш да го направиш.

Храброст, која се однесува на можноста да се работи на долготрајни цели и соништа, како на пример образование.

Самоконтролата е најверојатно развиена за да ги спречи примитивни инстинкти од развиените општества. Притоа, самоконтролата е способност која ја вежбаме. Истражувањата покажале дека самоконтролата и интелигенцијата се две основни способности во релација со тоа како луѓето се снаоѓаат во работни ситуации, семејство, болест, спорт, криминал, итн. Често, овие фактори се поврзани со верувањето на "водење добар живот".

Некои студии покажале дека ако децата научат самоконтрола пред да наполнат 6 години, тие подобро ќе се справуваат со се во животот. Важно е возрасните да им помогнат на децата да ја вежбаат својата самоконтрола. Самоконтролата е потребна за одење на училиште, следење на часот, соработување со пријателите, пишување домашна, следење на правила, и подоцна во животот и исто така да се заврши некакво образование, да се оди на работа, и да се соочиме со многу други предизвици. Во денешно време, во основните училишта има многу самонасоченост, опции, и технологија која што уште повеќе го поттикнува детето и неговата самоконтрола. Интелигенцијата секогаш ќе биде предуслов за успех, но психологот Рун Капел има забележано дека сите барања на училиште вклучуваат и самоконтрола. Претходните генерации примарно ја користеле нивната интелигенција за решавање на училишни проблеми, но денес, пристапите се фокусираат на учење преку разлики, креативност и љубопитност, активно учество, критичко мислење и учење преку игра, и сите овие се едукативни перспективи кои бараат голема самоконтрола.

Во денешно време луѓето се соочуваат со многу избори во секојдневието, и ова е заморно. Ова става голем притисок на нашата самоконтрола. Но, ако нашите 'резерви' на самоконтрола постепено се испразнети, и секако ова е несвесно, тие може да се надополнат на разни начини. Спиење, паузи, релаксација, смеење, оброци, и слободно време се очигледните начини. Медитација, прошетки и практични задачи се исто така други начини за 'полнење батерии'.

Учење на децата и адолесцентите на самоконтрола е моќна алатка за превенција од насилна радикализација. Навистина, децата кои поседуваат голема самоконтрола, имаат прилика да се раководат самите себеси без надворешна контрола. Сепак, самоконтролата не може да биде засебна во превенцијата од радикализација.

Тоа е комбинирано со личниот морален филтер и

разбирање на 'правилно' и 'погрешно', односите со другите, отвореност кон разликите на луѓето и нивните различни гледишта, како и на способноста да се разгледува нешто и да се размислува критички кон информациите кои ги гледаме онлајн. Ако децата и адолесцентите ги вежбаат овие вредности и вештини, тие би требало и да се подобро опремени за да одбегнат средини со радикализација.

# Главни цели

Содржината и материјалот предложен во наставната програма (и во овој тренинг модул за 'самоконтрола'), како и во друштвената игра, имаат за цел да ги обезбедат наставниците и едукаторите со едноставни инструкции и алатки кои ќе ја водат едукацијата на еден разбирлив начин, кон превенција од радикализација.

Петте теми на наставната програма (моралност, самоконтрола, вклучување и диверзитет, критичко мислење, превенција и решавање на конфликти) се важни составни делови на едно инклузивно општество. Тие треба да се инкорпорирани во раните фази од развојот на една единка. Заедно Посилни предложува метод кој ќе ги подучи на еден разбирлив и адаптиран начин (види дополнителни информации во Прирачникот).
Поточно, овој модул ќе ги запознае учениците со самоконтрола како способност која веќе ја имаат и може да ја вежбаат. Ќе се фокусира на креирање дијалог за самоконтрола кој ќе:

- Ги активира учениците да ја преиспитаат својата самоконтрола, и да ја поврзат самоконтролата со некои постапки (или недостатокот на контрола);
- Овозможи знаење и активности кои може да ги инспирираат учениците во нивниот едукативен и личен развој;
- Вклучи практични активности за тоа како учениците да ја вежбаат својата самоконтрола;
- Овозможи на учениците да го осознаат фактот дека резервите на самоконтрола треба да се обновуваат и константно да се даваат различни предлози околу тоа како ова може да се направи.

# Инструкции

За време на овој модул, учениците треба да се запознаени со самоконтролата преку дијалози, дискусии, и индивидуален преглед на темата. Ова ќе им овозможи на учениците да разберат што е самоконтрола, како таа влијае на однесувањето, до кој степен тие ја поседуваат самоконтролата, зошто е важно да се вежба истата и како да се прави тоа.
Модулот е направен за следната структура:

- Вовед
- Активности
- Привршување и оценување

Модулот започнува со краток вовед за темата самоконтрола, каде учениците преку дијалог развиваат постер за нивното разбирање и дефиниција на самоконтрола. Наставникот потоа треба да користи А3 хартија или лепливи стикери за воведот.

Потоа, наставникот бира активности кои тој/таа ќе ги проба со класот. Активностите се различни по тежина, одделенски клас (4то, 5то, или 6то одд), и по подтеми на самоконтрола.

Воведот во темата започнува со самото познавање на учениците на темава, и ќе биде основан на дијалози. Клучните зборови од дијалозите на учениците и дискусиите ќе бидат испишани на лепливите ливчиња и додадени на постерот. Наставникот потоа ги води учениците низ различните дијалози и додава знаења на дискусиите кога е потребно.

Наставникот потоа објаснува дека денешната тема е Самоконтрола. Ако е потребно (во зависност од возраста на луѓето), и наставникот потоа може да ја претстави темата на класот, поврзувајќи ја со предложените активности (подолу).

Потоа наставникот го прикачува постерот (А3 или поголем) на таблата, и ја пишува темата на модулот Самоконтрола на горниот дел од хартијата. Потоа наставникот поделува лепливи ливчиња и ги распределува учениците по парови (тие што седат еден до друг) да го разгледаат прашањето: Што за тебе е самоконтрола? Тие имаат две минути да дискутираат околу прашањево. Учениците потоа ги запишуваат клучните зборови за време на разговорот. Следно, наставникот ги замолува да се свртат кон парот позади нив или до нив (па сега ќе бидат четири) и ќе дискутираат за нивнтие дефиниции, а истовремено ќе ги запишуваат клучните зборови, доколку такви има. Учениците имаат уште една минута да дискутираат за ова. Потоа, наставникот ќе започне класна дискусија околу 10 минути, базирано врз дискусиите и ќе праша: Што е самоконтрола за тебе? Додека учениците ги презентираат нивните разбирања на темата, клучните зборови се додадени на постерот. Наставникот потоа ја води дискусијата, и придонесува со додатоци кои го подобруваат квалитетот на дискусијата, и исто така ги замолува учениците да продолжат да размислуваат на темава.

Коментарите и прегледот од наставникот се основани врз воведот и целосниот контекст на темата, на пример, наставникот може да ја поврзе дефиницијата на самоконтрола со нашата способност да ги контролираме мислите и желбите, како и со следниве три категории на самоконтрола:

- Резервираност (“Подобро е да не правам...”) кое се однесува на неправење нешто што сакаш да го направиш.
- Активирање на контрола (“Јас ќе”), кое се однесува на правење нешто што не сакаш да го направиш.
- Храброст, која се однесува на можноста да се работи на долготрајни цели и соништа, како на пример образование.

# Образовен совет и одење

Модулот започнува со образовен дијалог кој има за цел да ги повика учениците да истражуваат за самоконтрола со многу љубопитност и отвореност. Дијалозите треба да создадат активирање кај сите, како и преглед, индивидуално и групно, и ова се базира на мислите на учениците преку нивните искуства со самоконтрола. Наставникот потоа ги води дијалозите, и ова е негова/нејзина задача, да ги води учениците низ дијалозите, да слуша внимателно, да ги охрабрува, и да ги предвиди следните чекори. Модулот е поделен на вовед, активности, привршување и оценување, и има детален опис со прашања како и различни активности за поттик на дискусијата. Намерата е да се потпомогне на наставникот во дијалозите и активностите.

# АКТИВНОСТ 1

## Ниво на самоконтрола

4то одделение

35 мин. .

А4 хартија и пенкала за сите ученици во класот

Училница

## Активен преглед

Наставникот им дава на сите ученици празен лист хартија А4. Тој/таа потоа бара од учениците да направат една линија, и да напишат: "Поседува многу самоконтрола" на еден крај на линијата, и "Поседува малку самоконтрола" на другиот крај од линијата, на пример:

Поседува малку самоконтрола    Поседува многу самоконтрола

___________________________________________________

Наставникот потоа им вели на учениците да прргледаат секој засебно:

Кој има најмногу самоконтрола во вашето семејство, а кој најмалку, и зошто?

Ученикот посочува со знак и име, каде неговите/нејзините семејни членови припаѓаат на линијата.

## 4то одделение

Наставникот потоа бара учениците да застанат и да оформат физичка линија. На еден крај е ниско ниво на самоконтрола, а на другиот крај има високо ниво на самоконтрола. потоа учениците треба сами да се сместат на линијата врз основа на нивното ниво на самоконтрола. учениците треба да се способни да дадат причини за нивното сместување на линијата. Наставникот предвидува дека учениците ќе завземат една точка позиција, мирно, и дека тие со помалку самоконтрола не треба да се чуствуваат експонирано. Ова може да се направи преку честитање на учениците кои може да признаат дека имаат ниска самоконтрола, и со давање до знаење дека самоконтролата е нешто што се вежба , и затоа, линијата може да изгледа и поинаку по неколку години.

Кога учениците ќе ја направат првата линија, наставникот кажува дека ова е моменталниот изглед од тоа како учениците си ја перцепираат својата самоконтрола, но самоконтролата може да се менува во зависност од ситуацијата, како линијата ќе изгледа ако насловот е: ниво на самоконтрола додека се чека во ред?

Учениците повторно менуваат позиции. Кој има најмногу самоконтрола, кога ќе си постават цел? (на пример, да се зачуваат пари цел месец за да се купи нешто)? Учениците повторно менуваат позиции. Наставникот може да додаде други прашања.

Учениците потоа пак седнуваат, и наставникот приврршува со дискусија за променетите позиции и зошто тоа се направило, исто и за кој останал на истата позиција и зошто.

Наставникот ги прашува учениците кои се последиците од ниска самоконтрола? Како тие реагираат кога се во ситуација на ниска самоконтрола? кој е проблемот со ова однесување? Кои се придобивките на развивање самоконтрола?

Наставникот ги запишува изјавите на учениците на таблата (со поделба проблеми/реакции/решенија поврзани со самоконтрола, и важни одлики на самоконтрола).

# Релевантност на тематската активност со темата

Ова активност е релевантна на темата самоконтрола бидејќи ги ангажира учениците и соучениците да се потсетат на нивното ниво на самоконтрола во различни ситуации. Активноста е наменета да им овозможи подобро разбирање на учениците за концептот самоконтрола, со цел да ги натера да ја разгледаат нивната лична самоконтрола и како/кога тие експериментираат со истата во секојдневието на училиште. Учениците потоа учат дека самоконтролата се вежба, и е препорачливо за наставникот да проба активност за да покаже како се прави ова.

# Очекувани резултати

Оваа активност ги вежба учениците за првата точка од целите на модулот:

- Активирање на прегледот од сите ученици за нивната самоконтрола, и да ја поврзат самоконтролата (или недостатокот од истата) со одредени постапки.

Од учениците се очекува да имаат подобро знаење за што е тоа самоконтрола, и да се свесни за нивното ниво на самоконтрола, и исто како ова се разликува во различни ситуации. До крајот на активноста, учениците исто така знаат дека самоконтролата не е статична, и може да се вежба и развива во текот на животот. Учениците дискутирале зошто самоконтролата е важна, посебно при дискусија на последиците од ниска самоконтрола (на пример насилно однесување, проневера, немање фокус, грубо однесување, осудување, итн).

# Коментари

Важно е да се комбинира овој преглед со активност, кадешто учениците активно вежбаат самоконтрола (види во продолжение)



# АКТИВНОСТ 2

## Струп тест

5то одделение

30 мин.

Компјутер и проектор/ смарт-табла за презентација Power Point

Училница

## Опис на активноста

Струп тестот е веќба каде зборови во боја се прикажани, во различни бои, на Power Point слајд. На пример:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Сино | Црвено | Зелено | Црно |
| Зелено | Црвено | Сино | Црно |
| Црно | Сино | Зелено | Црвено |
| Зелено | Зелено | Црно | Сино |

## Опис на активноста

Во горниот ред, зборовите (сино, црвено, зелено и црно) одговараат со бојата на зборовите. Во следните редови ова не е така, и станува деликатно. Наставникот посочува кон зборот, и учениците ја кажуваат бојата на зборот, на глас, сите заедно. На почетокот, зборот и бојата одговараат, но потоа тоа се менува и зборот од бојата, како и бојата на зборот се различни. Учениците треба да ја контролират нивната желба да читаатт на глас, наместо да ја кажат бојата на зборот. Ова е потешко одколку што изгледа. Наставникот почнува побрзо и побрзо да менува зборови.

После активноста, тие дискутираат дали беше тешко, забавно, предизвик, и зошто? Учениците и наставникот потоа дискутираат за претпоставките околу контролирање на имплусивните мисли (позитивни и негативни точки), и во кој контекст тоа е корисно.

## Релевантност на активноста со темата

Оваа активност се фокусира на учениците и нивното вежбање да ги контролираат импулсите. Ова се поврзува со категоријата самоконтрола и е наречено срамежлива контрола (“Подобро е да не...”), и ова се однесува на неправење нешто што сакаме да го направиме.

Предностите на оваа активност се едноставни и забавни, и привлекуваат внимание на импулсите и нивно вежбање.

## Очекувани резултати

Струп тестот треба да:

- Ги активира прегледите од страна на учениците за нивната самоконтрола, и да ги натера да ја поврзат самоконтролата (или недостатокот од неа) со одредени постапки.
- Даде знаење и активности кои ќе ги инспирираат учениците во нивниот личен и образовен развој
- Вклучи практични активности околу тоа како учениците треба да ја вежбаат својата самоконтрола.

Струп тестот треба да им овозможи на учениците едно практично искуство за тоа што би било самоконтрола и како тоа се вежба. Оваа активност е специјално креирана за да поттикне свесност кај учениците околу потешкотиите во контрола на импулсите, и за да доведе кон дискусија околу тоа зошто е корисно да се контролираат импулсите во одреден контекст, и кога тоа се прави во секојдневието.

## Коментари

Преку дијалог, наставникот разговара за претпоставките при контролирањето на импулсите, и во кој контекст ова е корисно.



# АКТИВНОСТ 3

## Приказ на забавно видео

6то одделение

45 мин.

Смарт-табла, компјутер/лаптоп и вежба Наставникот бира тема за вежбата, може да биде пресметување или крстозбор, итн.

Училница

## Опис на активноста

Наставникот ги воведува учениците во тестот за самоконтрола, и тој/таа го дели класот на 4 групи од 5-7 ученици (1/4 од класот). Кога групите се креирани, наставникот ги воведува во активноста. Групите потоа наизменично го гледаат екранот и го вртат грбот кон екранот. Учениците кои го гледаат екранот смеат да се опуштат, а тие со грбот свртени кон него решаваат вежба и не смеат да се свртат со лицето кон екранот пред да им дозволи наставникот. Потоа наставникот дели вежби на сите ученици.

# Опис на активноста

Следно, тој/таа бира прва група која го гледа видеото и тој/таа го пушта видеото, на пример една епизода од Мр. Бин ( https://www.youtube.com/watch?v=DF-lBki-evNw). Учениците со грбот кон екранот не смеат да се свртат кон екранот, и ја решаваат вежбата дадена од наставникот. Низ видеото, наставникот запира и кажува на нова група да го сврти лицето кон екранот, а тие што досега гледаа, решаваат вежба и го вртат грбот кон екранот. Наставникот потоа гледа дали сите групи се активни пред да заврши видеото. Тие што го гледаат екранот се смеат, и ова ја отежнува активноста. По видеото, учениците и наставникот зборуваат зошто ова беше тешко, без разлика дали им требало многу трудење на учениците, или колку успеале да решат од вежбата.

Активноста поттикнува дискусија за некои предизвици од општеството, каде има многу работи кои ни одвлекуваат внимание од работите кои сме ги правеле или сакаме да ги правиме. Ако можете да си го фокусирате вниманието и не сте дефокусирани лесно, вие можете да работите ефикасно, на пример кога имате домашна работа.

# Релевантност на активноста со темата

Оваа активност се фокусира на вежбањето на учениците законтролирање и прилагодување на нивните желби, како и да решат задача, додека се фокусираат на невртење кон видеото, и ова ги ангажира учениците да дискутираат во кои ситуации е корисно да се има

Ова се поврзува со категоријата срамежлива контрола (“Подобро е да не...”) што се однесува на неправење нешто што сакаме да го направиме.
Притоа, оваа активност ја тренира способноста на учениците да се концентрираат и да одолеат на искушенија со цел да ја завршат активноста.

# Очекувани резултати

Активноста е во согласност со следните цели на модулот:

- Активирање на прегледите од учениците за нивната самоконтрола, и да ги натера да ја поврзат самоконтролата (или недостатокот од истата) со одредени постапки.

- Давање знаење и активности кои ќе ги инспирираат учениците во нивниот личен и образовен развој.

- Вметнување практични активности за како да се вежба самоконтролата.

Учениците добиваат практично искуство за тоа што е самоконтрола, и како да ја вежбаат.

# Коментари

Важно е наставникот да појасни пред класот дека ова е вежба и сите треба да ги разбираат условите, исто така дека наставникот ќе се осигура дека сите групи ќе го гледаат видеото кога ќе им дојде ред. Наставникот потоа мора да се осигура дека има време да дискутира за искуствата на учениците за оваа активност (види опис).

# Привршување

По секоја активност и/или на крајот на модулот, наставникот започнува со привршувањето и оценување на сесијата со учениците.

**Реакција**

Наставникот ги остава учениците да седат по парови и да ја користат стратегијата мисли-пар-споделување, кадешто учениците почнуваат со мислење во себе околу 2 минути, за прашања како следниве:

- Што е најважното што го научив?
- Сакам да научам повеќе за...
- Тоа што најмногу ме збуни е...

Потоа учениците се пак по парови и ги споделуваат своите одговори и мисли еден со друг, околу 3 минути. Сесијата завршува со обична дискусија околу 5 минути, предводена од наставникот кој поинаку ги формулира прашањата од погоре. Наставникот мери време.

**Преглед**

Прво, наставникот го прикажува целиот модул, потсетувајќи ги сите на важни факти кои се дознаени во образовниот процес, формулира поинаку важни содржини, ги поврзува искуствата и дискусиите од учениците, итн. Ова води кон дијалог во класот за што е важно да се има на ум, да се учи или вежба во контекст на самоконтрола. Наставникот може да поттикне и дебата со следниве прашања:

- Што е добро однесување во класот?
- Што ти треба за да се подобриш, и зошто треба да си добар во ова?
- Што контролираше за време на активностите (импулси, желби, издржливост, итн.) ?
- На кој начин беа активностите корисни за вежбање самоконтрола?
- Како може да вежбаш самоконтрола во секојдневието и зошто е ова важно?
- Кои се јаките страни и слабите страни на твојата лична самоконтрола?
- Како можеш да користиш самоконтрола во секојдневието?

Во меѓувреме, наставникот оди назад до постерот со лепливите ливчиња кои учениците ги напишаа на почетокот на модулот. Наставникот ги запишува прегледите на учениците на постерот, поврзувајќи ги со тоа што го научиле за самоконтрола. Потоа, тој/таа ги чита на глас забелешките на постерот. Прво, како учениците дефинирале самоконтрола и второ, нивните главни учења по модулот. Затоа, сега класот има сопствен постер кој дефинира самоконтрола и пронајдоци за самоконтрола.

Вкупното време за прегледот не треба да е подолго од 10 минути.



# Заклучок

Врз основа на постерот, како и клучните пораки и цели на модулот (погоре), наставникот може да сумира клучни научени работи од модулот, не повеќе од 5 минути. Наставникот потоа се фокусира на аспекти од самоконтрола кои учениците не ги спомнале, или да ги запише и да се фокусира на нив во иднина.

# Оценување

По секоја активност и/или на крајот на модулот, наставникот прави приврлшување и оценување на сесијата со учениците.

Смајлињата нека кружат во класот. Секој ученик може да одбере едно, и да даде коментар за неговото/неејзиното оценување на модулот ако тој/таа сака.

Испринтајте ги смајлињата за различни расположенија.


YES

Да


I am not sure

Не сум сигурен/на


Not at all

Воопшто не

# Дополнителни извори

## DOCUMENTS

Baumeister, R.F. & Tierney, John. 2011.
Will power- Rediscovering the Greatest Human Strength. The Penguin Press, New York.

Hernstein, R. J.& Murray, C. 2010.
The Bell-Curve: Intelligence and Class Structure in American Life. Free Press

Mc Gonigal, Kelly. 2011.
The Willpower Instinct: How Self-Control Works, Why It Matters, and What You Can Do to Get More of It. Avery.



# ВКЛУЧУВАЊЕ & ДИВЕРЗИТЕТ

## Наставна програма

Нашите општества се мешани и отворени кон диверзитет, и ова е дел од нашите заеднички вредности. Низ историјата, имало обиди за етнички и религиозни бришења, кои довеле до мизерија. Заедничко живеење со нашите разлики е повеќе можност, отколку закана. За да научиме да живееме заедно потребно е да присвоиме позитивен став и да развиеме одредени вештини: отвореност, дијалог, почит, солидарност, одговорност. Под нашите разлики, кои не збогатуваат сите нас, сепак сме човечки суштества со основи како следниве: потреба за признание, љубов, почит, пријателство, тоа што не обединува.

**03**
Модул

## Содржина
Модул 3

**ВКЛУЧУВАЊЕ & ДИВЕРЗИТЕТ**
Клучна порака 35

**ВОВЕД 36**
Главни цели 36

**ИНСТРУКЦИИ 37**
Образовни совети и водење 37

**АКТИВНОСТИ**
Активност 1
Така сакам да ме викаш 38

Активност 2
Молекула Идентитет 39

Активност 3
Земјата Лимон 41

**ПРИВРШУВАЊЕ 43**
Реакција 43

Преглед 43

**ЗАКЛУЧОК 43**

**ОЦЕНУВАЊЕ 44**

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ИЗВОРИ 44**

# вовед

Со промовирање на темата вклучување и диверзитет, целиме кон подобрување на поврзаноста во нашето демократско општество. Сепак се соочуваме со негативни појави во училиштата како предрасуди и дискриминација. Наставниците треба да се фокусираат на темава и да овозможат дискусија кај учениците. Наставниците може од една страна да се фокусираат на индивидуалецот и предрасудите и може да работат заедно на проблеми со идентитетот. Од друга страна, моќните структури во нашето општество под предрасудите се исто важни. Затоа, важно е да се обрати внимание на механизмите за дискриминација, односно третман на малцинствата.

Па, имаме дупла стратегија, промовирање диверзитет и истовремено, справување со факторите кои го попречуваат сплотеното општество.

# Главни цели

Содржината и материјалот предложен во наставната програма (и во овој модул на “вклучување и диверзитет”), како и во друштвената игра, и има за цел да им овозможи на наставниците и едукаторите еден комплет едноставни инструкции и алатки кои ќе го водат образованието на еден комплетиран начин кон превенција од радикализација.

Петте теми на наставната програма (моралност, самоконтрола (критичко мислење), вклучување и диверзитет, превенција и решавање на конфликти) се важни состојки на едно инклузивно општество.
Тие треба да се научени на рана возраст од личниот развој. Stronger Together дава метод за предавање на еден логичен и прилагоден начин (види дополнителни информации во Прирачникот).

Главните цели за модулот “вклучување и диверзитет”, се следните:

Свесност за личниот идентитет; личниот идентитет игра голема улога во личниот живот и помага да имаме одговорност за сопствените постапки и однесувања во секакви прилики.

Свесност за диверзитет и предрасуди; свесност за диверзитетот помага да препознаеме дека заедници, работни места, општества итн, имаат се повеќе застапеност на диверзитет. Свесност за предрасудите помага да се препознаат стереотипите и да се бориме против нив.

Активност околу диверзитет и вклучување: преку учење за можностите за активно учество кон диверзитет и вклучување, и на овој начин учениците се иснпирирани да креираат свои активности за нивнаата соодветна средина.

Диверзитет означува позитивен поглед на феноменот на личен диверзитет. Опишан е како разлики и сличности помеѓу луѓе – овие стануваат се повеќе популарни и важни во општествата и организациите. Шест примарни димензии на диверзитет се спомнати како главни димензии: возраст, попреченост, етничко потекло, пол, сексуална ориентација, и вера или верување.

Концептот на вклучување се однесува на почит и конструктивно вклучување на сите диверзитети во една организација или заедница. Структурните и социјалните услови треба да се дизајнирани на начин кој и понатаму ќе се развива и зголемува на најдобар можен начин.

# Инструкции

Воведот на темата започнува со личното знаење на учениците за оваа тема, и ќе се основа на дијалози. Клучните зборови од дијалозите на учениците ќе бидат запишани на лепливи ливчиња и додадени на постерот. Наставникот ќе ги води учениците низ различни дијалози и ќе додаде содржина во дискусиите каде што е потребно.

Наставникот потоа објаснува дека денешната тема е Вклучување & Диверзитет. Ако е потребно (зависно со возраста), наставникот може и да ја воведе новата тема во две минути, преку клучната порака и целите (погоре) и објаснување за истите на класот, поврзувајќи ги со предложените активности (подолу.)

Наставникот става постер (А3 или поголем) или пак ја користи таблата, и ја запишува темата на модулот **Вклучување & Диверзитет** горе на хартијата. Потоа, наставникот дели лепливи ливчиња и ги подредува учениците по парови (тие што седат еден до друг) со цел да се разгледа прашањето:

- Што е **вклучување & диверзитет** за тебе?

Тие имаат две минути да го дискутираат ова. Учениците ги запишуваат и клучните зборови од разговорот. Потоа, наставникот им вели да се свртат на парот позади нив (и сега се четворица), па дискутираат за дефинициите, и запишуваат нови клучни зборови ако има нови. За ова, учениците имаат една минута. Следно, наставникот ќе започне класна дискусија во десет минути, основана на нивните разговори:

- Што е за тебе **вклучување & диверзитет** ?

Додека учениците ги презентираат нивните разбирања за темата, клучните зборови се додадени на постерот. Наставникот ја раководи дискусијата, и сумира содржини кои ја прават дискусијата поквалитетна, и учениците уште поактивни.

# Образовни совети и водење

Образовните методи се дел од описот на активноста.

# АКТИВНОСТ 1

## Така сакам да ме викаш

4то одделение

45 мин.

Работниот лист "Така сакам да ме викаш" (темплејт во Дополнителни извори), простор за работење во парови и групи.

Училница

## Инструкции

Името е важен дел од нашиот идентитет. Со зборување за името и разгледување на различни аспекти, учениците го спознаваат својот идентитет.

Секој ученик добива работен лист со следните изјави што треба да ги пополни. Еве некои коментари и примери за одговори.

**Работен лист: Така сакам да ме викаш**

Моето Име: Го сакам моето име бидејќи (тоа е името на мојот вујко, звучи супер, кратко е...)

Јас би сакал/а различно име! Ако да, кое и зошто? (Тука учениците кои не си го сакаат името може да смислат ново име и да го прикажат на позитивен начин за својот идентитет).

Јас имам надимак и тоа е...
(Надимаци може да се добри, но и злобни. Тука ученикот може да одбере дали тој/таа сака да се фокусира на негативната страна на надимаците).

Така сакам да ме викаш....(Ова прашање им дава можност на учениците да се изразат за тоа како сакаат да бидат именувани од нивните соученици. Може да биде вистинско име, ново име, опис (на пример паметно девојче) или надимак.

Не сакам да го слушнам тоа никогаш повторно! (Ова прашање им дава можност на учениците да се изразат како не сакаат да бидат именувани, на пример насилни имиња или лош изговор).

Учениците потоа се собираат во парови и дискутираат тивко за нивните одговори. Класот се собира заедно и учениците споделуваат дали сакаат некои изјави од работниот лист, на пример, "така сакам да ме викаш".

**Реакција и преглед**
Прашања за дискусија:

- Дали ти се допадна активноста?
- Дали слушна нешто ново?
- Какво е чувството кога децата на злобен начин ги изврtуваат имињата?
- Што може да направиме за да го запреме ова?

## Релевантност на активноста со темата

Активноста се однесува на сите три цели од модулот, свесност, свесност за сопствениот идентитет, свесност за диверзитетот и предрасудите, учество во диверзитетот и учество во.

## Очекувани резултати

Креирање на чувство на личен идентитет, јакнење на самодовербата и поврзувањето со сопственото име. Покревање на свеста за дискриминација. Подобрување на соработката во класот. Негување на заедничка соработка базирана на почит и разбирање.

## Коментари

Активноста е вовед во темите на модулот. Зависи од наставникот колку детално ќе ја води дискусијата, и колку таа ќе биде сложена и контроверзна.

# АКТИВНОСТ 2

## Молекула Идентитет

5то одделение

45 мин.

Работен лист “молекула идентитет”, флипчарт/табла, простор за групна дискусија.

Училница



# Инструкции

ЧЕКОР 1. Самостојна работа на работниот лист: Секој ученик добива работен лист и треба да го пополни – темплејтите во Дополнителни извори. Тие треба да ги напишат нивните имиња во средниот круг. Потоа тие ги пишуваат групите каде припаѓаат во другите кругови. Наставникот потоа дава примери од групи каде тој/таа припаѓа, на пример група на наставници, група на велосипедисти, група на тие што носат очила, група на луѓе што слушаат музика, група на татковци/мајки, група на луѓе што се настинати денес, група на луѓе што имаат браќа или сестри. Тој/таа треба да каже дека може да се додадат групи (кругови) или да се пополнат само 3 наместо 5 кругови.

ЧЕКОР 2. Групна дискусија:
Учениците се собираат заедно во мали кругови (3-4) со тие што седат до нив. На крајот на вежбата, еден ученик од кругот прави листа и ги собира сите различни групи (без имињата) кои биле дадени од учениците. Тој/таа го дава ова на наставникот. Во меѓувреме, другите дискутираат за прашањата од работниот лист. Додека тие дискутираат, наставникот подготвува листа со различни групи кои биле дадени на него/неа и ги запишува на флипчартот/таблата. Кога дискусијата е готова, тој/таа воведува стендап вежба.

ЧЕКОР 3. Стендап вежба:
Наставникот објаснува дека треба да се застане кога некој/а се чувствува како да припаѓа во групата. Потоа наставникот ги чита бавно и на глас различните групи, една по друга. Учениците не треба да зборуваат, туку само да станат, да гледаат наоколу кој друг стои, и да седнат пак назад. Наставникот продолжува со реакцијата и прегледот.

# Релевантност на активноста со темата

Активноста се однесува на сите цели на модулот, да се биде свесен за сопствениот идентитет, да се биде свесен за диверзитетот и предрасудите како и да се биде активен во диверзитетот и вклучувањето.

# Очекувани резултати

Преглед на сопствениот идентитет, гледање на сличностите и разликите во групи, преглед на припадноста на различни групи.



## Коментари

Наставникот потоа нагласува дека именуваните групи се само во кратки црти, со цел да се одбегне притисок врз учениците.

**Реакција & преглед**
По вежбата со стоење, ученикот дискутира активно за следниве прашања:

- Дали некој искуси нешто ново или изненадувачко за себеси?
- Какво беше чувството да се биде дел од поголема група која стои?
- Какво беше чувството да се биде сам или дел од мала група која стои?
- Што би можеле да направиме за да ги релаксираме сите и да се горди бидејќи стојат?



# АКТИВНОСТ 3

## Земјата Лимон

6то одделение

120 мин.

Еден лимон за секоја група & флипчарт/табла. Уште едно овошје за секоја група & простор за групна дискусија.

Училница

## Инструкции

Во првиот дел, учениците собираат генерални карактеристики за лимоните, од целиот клас. Мали групи добиваат по еден лимон, и треба да најдат специјални карактеристики на нивниот лимон за да го препознаат. Му даваат и име и биографија на лимонот исто така.
Во вториот дел, овој “персонализиран” лимон се соочува со другите овошја од одредени угледи. Малата група треба да одлучи, како да се справат со туѓи овошки во Земјата Лимон.

**ДЕЛ 1:**
Наставникот ги става сите лимони на таблата, за сите да ги видат. Тој/таа прашува за одлики на лимонот (жолт, кисел, тркалезен, итн) и ги запишува на таблата.

Групите се поделени и секоја бира лимон од масата и го зема.

Групите се потоа активни во барање на карактеристики на “нивниот” лимон, за да го препознаат. Треба да му дадат име и историја (на пример, како стасал до групата). Не е дозволено да се смени т.е. пребои лимонот.

По кратко време, секоја група ја кажува приказната за својот лимон (на пример, ова е Цитронела, и таа дојде од Италија па се до Вејле. Таа патување во камион со други лимони...).

Потоа, наставникот ги собира сите лимони и ги става на масата. Од секоја група, се бира една особа за да оди до масата и да го препознае нивниот лимон. Вообичаено, многу е лесно за групата да се препознае “нивниот” лимон.

Наставникот продолжува со дискусијата.

**Реакција & преглед**
Прашања за дискусија:
- Како групите ги препознаа своите лимони?
- Зошто ова беше лесно?
- Дали имавте прв впечаток за некоја особа што се сменила откако сте се запознале подобро?
- Зошто стереотипите повредуваат?

**ДЕЛ 2:**
Секоја група добива друго овошје (јаболко, банана, киви, итн.). кивито е ново за Земјата Лимон.

Овој пат, групата не треба да го анализира кивито. Тие треба да одлучат дали ќе го поканат новиот член во Земјата Лимон.

Групата има малку време за да одлучи.

Потоа групата дискутира заеднички.

**Реакција & преглед**
Прашања за дискусија:
- Која е вашата одлука за пуштање на кивито во вашата земја?
- Колку ќе му дозволите на кивито да навлезе во вашиот живот?
- Дали тоа може да биде ваш пријател?
- Дали би го поканиле дома?
- Дали некогаш сте биле киви во земја лимон?
- Што правиме за луѓето да се чувствуваат добредојдено?
- Што правиме за луѓето да не се чувствуваат добредојдено?

# Релевантност на темата

Активноста се однесува на сите цели од модулот, свесност за сопствениот идентитет, свесност за диверзитет и предрасуди, како и активност во диверзитет и вклучување.

# Очекувани резултати

Преглед на генерализирањето како начин да се структуира реалност и стереотипи. Разбирање на поврзаноста помеѓу стереотипите, предрасудите, и дискриминацијата.

# Коментари

Наместо користење на второ овошје во дел 2, наставникот може да даде приказни со изјави кон групата, како “кивито го поканува лимонот дома на гости, за вечера. Тешко е да се разговара со кивите, и нивната храна има чуден вкус. Што ќе направиш?”

# Приврштување

По секоја активност и/или крајот на модулот, наставникот треба да приврши и да ја оцени сесијата со учениците.

**РЕАКЦИЈА**

Наставникот ги остава учениците да седат по парови и ја користи стратегијата Мисли-пар-сподели, каде учениците почнуваат со мислење во себеси, во околу 2 минути за прашања како следниве:

- Кое е најважното нешто што сте го научиле?
- Сакам да научам повеќе за...
- Тоа што најмногу ме збуни беше...

Потоа, учениците по парови ги споделуваат нивните одговори и мисли помеѓу себеси во 3 минути. Сесијата завршува со дискусија во околу 5 минути, предводена од наставникот, кој може да ги реформулира прашањата од погоре. Наставникот исто така го мери и времето.

**ПРЕГЛЕД**

Прво, наставникот го прегледува целиот модул, присетувајќи ги сите на важни факти кои се забележани за време на учењето, реформулирање на важни учења, поврзување на искуствата и дискусиите од учениците, итн. Ова може да води до дијалог во класот за тоа што е важно да се запомни, научи, или вежба во врска со вклучување & диверзитет.

Во меѓувреме, наставникот оди назад до постерот со лепливите ливчиња кои учениците ги напишаа на почетокот на модулот. Наставникот ги запишува прегледите на учениците на постерот, поврзувајќи ги со се што тие научиле за вклучување & диверзитет. Потоа, тој/таа ја чита на глас содржината на постерот. Прво, како учениците дефинирале вклучување & дивзерзитет, нивните главни учења по модулот. Затоа, сега класот има нивни сопствен постер кој дефинира вклучување & дивзерзитет, заедно со нивните пронајдоци за вклучување & дивзерзитет.

Целокупното време потребно за фазата преглед не треба да трае подолго од 10 минути.

# Заклучок

Врз основа на постерот, како и клучните пораки и цели на модулот (погоре), наставникот може да сумира основни учења од модулот во максимум пет минути.

Наставникот исто така ќе ги разгледа и аспектите на вклучување & дивзерзитет кои не беа спомнати од учениците, или ќе ги забележи и ќе се фокусира на нив во иднина.

# Оценување

По секоја активност и/или на крајот на модулот, наставникот треба да направи приврушување и оценување на сесијата со учениците.

Оставете смајлињата да кружат низ класот. Секој ученик може да одбере едно и да даде коментар за неговото/нејзиното оценување на модулот доколку тој/таа сака.

Испринтајте ги смајлињата за различни расположенија.




Да | Не сум сигурен/на | Воопшто не

# Дополнителни извори

## АКТИВНОСТ 1 – ТАКА САКАМ ДА МЕ ВИКАШ

1. Моето име:
2. Си го сакам името бидејќи...
3. Би сакал да имам различно име! Ако да, кое и зошто?
4. Имам надимак и тоа е...
5. Така сакам да ме викаш...
6. Не сакам да го слушнам тоа уште еднаш!

## АКТИВНОСТ 2 – МОЛЕКУЛА ИДЕНТИТЕТ

**ДЕЛ 1 (САМОСТОЈНА РАБОТА):**
Ве молиме запишете го вашето име на кругот во центарот. На другите кругови напишете пет групи каде припаѓате и со кои се идентификувате.



**ДЕЛ 2 (ГРУПНА РАБОТА):**
Обележете ја групата каде се чувствувате најмногу поврзани во моментот.

# Критичко Мислење

## Наставна програма

Критичкото мислење ни овозможува да изградиме мислење базирано на информации, со цел да бираме и да се однесуваме соодветно, додека ги почитуваме другите. Пред се, ова се однесува на однесувањето; широки погледи на размислување, љубопитност, претпазливост, луцидност, автономија, објективност. Исто така е потребно да се развијат вештини како собирање, споредба, и потврдување на информации, како и дијалог со другите со цел да се развие лично мислење и истото да се развива. Интернет, нови медиуми и технологии ги прават сите овие учења уште поважни за децата. Можеби е скоро невозможно да не се биде субјективен, и апсолутната реалност е неостварлива, но критичкото мислење овозможува одржување на кохерентност помеѓу нашиот идентитет и вредности од една страна, и светот околу нас и информациите од друга страна. Поставеноста ни помага да ‘растеме’ и да го најдеме местото во општеството.

04
MODULE

## Содржина
Модул 4


**Критичко Мислење**
Клучна порака 45

**ВОВЕД** 46
Главни цели 46

**ИНСТРУКЦИИ** **47**
Образовни совети и водење 47

**АКТИВНОСТИ**
Активност 1
Што гледам, што слушам 48

Активност 2
Што се шири на интернет? 50

Активност 3
Дали можеш да направиш критички прашања за изворите? 52

**ПРИВРШУВАЊЕ** **54**
Реакција 54

Преглед 55

**ЗАКЛУЧОК** **55**

**ОЦЕНУВАЊЕ** **55**

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ИЗВОРИ** **56**

# Вовед

Дел од училишната мисија е да се поддржи ученикот за да стане социјално и демократски одговорен граѓанин којшто може и сака да ја разбере средината, и да и влијае во конструктивна насока. Учениците треба да тренираат не само за знаење од факти и расудување, туку и од самоконтрола, моралност, вклучување, и пред се, критичко мислење, поради пристап на многу информациски канали во денешното општество.

Навремен вовед во ИКТ (Информациски и комуникациски технологии) треба да оди паралелно со вовед во критичко мислење. Инаку, постои ризик за младите генерации да пораснат во доба на неквалитетна содржина на интернет. Тие може да станат вешти во техничка смисла, но ќе ја немаат способноста за да разликуваат помеѓу професионална новинарска статија и лажни вести.

Учениците треба да се научени да пребаруваат подобро во сложената реалност со голем број информации и брзо темпо на (технолошки) промени. Исто така е потребно за учениците да ја развијат нивната способност за критичко разгледување на факти и контексти, и да се свесни за последиците од нивната интеракција со другите, во виртуелниот или вистинскиот свет.

# Главни цели

Содржината и материјалот предложен во наставната програма (и во тренинг модулот “критичко мислење”), како и друштвената игра, се со цел да обезбедат на наставниците и едукаторите спремен сет на инструкции и инструменти кои разбирливо ќе го водат образованието према превенција од радикализација.

Петте теми на наставниот план (моралност, самоконтрола, вклучување и диверзитет, критичко мислење, превенција на радикализација) се важни состојки за инклузивно општество. Тие треба да се научени уште во раните фази на личното развивање. Stronger Together предложува метод за да ги научи на еден разбирлив и прилагоден начин (види дополнително инфо во Прирачникот).

Важно е да се воведат учениците во критичкото мислење бидејќи тоа е клучна вештина во овој поврзан свет кадешто текот на информации е интензивен, на подобро или на полошо. Овој модул се фокусира на креирање дијалог за критичко мислење кој:

Обезбедува знаење и тренинг за инспирирање на учениците во нивниот личен образовен и личен развој

Вклучува практични активности околу тоа како учениците ќе формулираат прашања кои ги покриваат изворите, и ќе станат свесни за диверзитетот на мислења и вредности

# Инструкции

Скоро е невозможно да се избега од субјективноста и апсолутна вистина е неостварлива. Дури и убедувањата кои се неопипливи како време и материја биле под знак прашалник од научниците како Ајнштајн или квантните физичари. Исто така е познато дека правосудството може да застрани од фактите. Па, може да има онолку вистини колку што тврдиме дека има. Всушност, тоа што го викаме вистина е она во кое веруваме дека е вистина, и колку повеќе во тоа веруваме, полесно е да се согласиме, и ова е корисно, но не треба да заборавиме дека согласноста е сепак субјективна.

Критичкото мислење овозможува да одржиме кохерентност помеѓу нашиот идентитет и вредности од една страна, и светот околу нас и применените информации од друга страна. Сместувањето ни помага да 'растеме' и да си го најдеме местото во општеството.
Овој модул содржи вежби кои ќе го тренираат критичкото мислење на учениците.

**Дали тие можат да веруваат на се што гледаат и слушаат?**



Учениците треба да се охрабрени да имаат три пристапи: критичко разгледување на информации, покревање на деликатни теми, и покревање на сомнежи.

Воведот на темата има појдовна точка од личното знаење на учениците на таа тема, и ќе биде базирано на дијалози. Клучните зборови од дијалозите и дискусиите на учениците ќе бидат напишани на ливчиња кои ќе се залепат на постер. Наставникот потоа ќе ги води учениците низ различни дијалози и ќе додаде знаење низ дискусиите кога е потребно.

Наставникот потоа објаснува дека денешната тема е **Критичко мислење**. Доколку е потребно (во зависност од возраста), наставникот може да ја објасни темата во две минути, да се фокусира на клучните пораки и цели (погоре) и да ги објасни на класот, поврзувајќи ги со предложените активности (подолу).

Потоа наставникот поставува постер (А3 или поголем) или пак ја користи таблата, и ја пишува темата од модулот **Критичко мислење** на горниот дел од хартијата. Наставникот потоа ги дава лепливите ливчиња и ги замолува учениците во парови (тие кои седат еден до друг) да размислуваат околу прашањето: **Што е критичко мислење за тебе?** Имаат две минути да зборуваат за ова. Учениците ги пишуваат клучните зборови за време на нивниот разговор. Потоа, наставникот ги замолува да се свртат кон паровите до нив (сега ќе бидат четири) и да дискутираат за нивните дефиниции, како и да запишат нови клучни зборови, доколку има. Потоа, наставникот започнува класна дискусија во десет минути, базирано на нивните дискусии, и прашува: **Што е критичко мислење за тебе?** Додека учениците ги презентираат нивните сфаќања на темата, клучните зборови се додадени на постерот. Наставникот потоа се вклучува во дискусијата и ја контролира, и учествува, па притоа ја прави дискусијата поквалитетна, и ги охрабрува учениците да размислуваат уште на темата.

# АКТИВНОСТ 1

## Што гледам, што слушам

4то одделение

30 - 40 мин.

Пенкала, клипборд и бели листови хартија.

Училница

Во оваа вежба, учениците ќе искусат како би се чуствувале кога ќе добијат информација која подоцна ќе треба да ја вратат назад. Кога ја добиваме информацијата, ја интерпретираме и пробуваме да ја вметнеме во контекст. Што се случува кога добиваме информација која понатаму не можеме да ја испитуваме или за која не може да разговараме? Дали е нашата интерпретација во ред?

Ова е вежба за давање и примање инструкции. Во пракса, учениците треба да го нацртаат тоа што нивните соученици го опишуваат, но без да ја гледаат оригиналната слика.

Тој што ја опишува сликата треба да мисли на давање информации во најдобар ред, и што е можно појасно. Но, тој/таа не смее да го каже називот на сликата, но смее да каже работи како: “нацртај круг или квадрат; додај уште една линија попреку врз таа што ја нацрта, итн.”

## Инструкции

**А** 1. Наставникот ги дели учениците по парови и тие седат свртени грб со грб.

2. Ученикот А има празен лист хартија во скутот, врз клипборд папката.

3. Наставникот дава лист хартија на ученикот Б, со нацртана слика на листот.

4. Ученик Б објаснува на неговиот/нејзиниот соученик партнер што да нацрта без да го именува предметот (врата, око, тркало)

5. По пет минути, наставникот дава нова слика на Ученикот А, и празен лист хартија на ученикот Б, и тие менуваат улоги.

Вежбата завршува по следните пет минути.

*Примери од слики се прикачени во Дополнителни извори.*

**Б** Кога ќе завршат со цртање, учениците ги споредуваат цртежите со оригиналите, и дискутираат одговарајќи ги прашањата набројани подолу, сите заедно, со комуникациска стратегија наречена **внатрешен-надворешен-круг**. Со оваа стратегија секој ученик ќе има можност да го сподели своето мислење и да остане активен во училницата.

**Учениците А** формираат круг, со грбовите свртени кон средината, и **Учениците Б** се поставени напред, со лице свртени кон **Ученици А.**

Наставникот го чита првото прашање и остава на **ученикот А** да почне да зборува. **Ученикот Б** само слуша. По поставениот временски лимит од наставникот (30 секунди - до една минута) тие се сменуваат и **ученик Б** ги споделува неговите/нејзините мисли

## Прашања

**Прашање 1:** Дали имаше некои разлики помеѓу оригиналната слика и цртежот, и од каде се овие разлики?

Кога двата ученици А и Б ќе одговорат на прашањето, надворешниот круг прави чекор на десно. Сега сите имаат нов партнер пред себе, и наставникот го поставува прашањето:

**Прашање 2:** Што беше полесно: да се слуша или да се даде информација? Објасни зошто!

Кога двата ученици А и Б ќе одговорат на прашањето, надворешниот круг прави уште еден чекор на десно. Повторно, сите имаат нов партнер пред себе и наставникот го поставува третото прашање:

**Прашање 3:** Што се случува кога опишуваме со зборови што гледаме или што мислиме?

Кога двата ученици А и Б ќе одговорат, надворешниот круг повторно прави чекор на десно. Кога сите имаат нов партнер пред себе, наставникот поставува четврто прашање:

**Прашање 4:** Дали можеме точно да разбереме што нашиот партнер мисли кога тој/таа ни кажува нешто?

# Релевантност на активноста со темата

Оваа активност покажува колку поразлично ја разбираш и интерпретираш добиената информација, особено кога испитувањето или дијалогот се ограничени.

# Очекувани резултати

Ова треба да ги води учениците да развијат критичка смисла и да се претпазливи со избрзани сфаќања.

# Коментари

Учениците не смеат да кажат што ќе цртаат (врата, око, тркало) - смеат да кажат само како ќе го цртаат (нацртај круг или квадрат; додај друга линија преку веќе нацртаната, итн.)

Учениците смеат да опишат големина. Големината е одредена во центиметри или споредена со билошто друго нацртано. Учениците треба да ги разберат концептите од типот на поголемо или помало...Тие исто така може да ги користат своите димензии како на пример, мал прст, нокт, пенкало, гума, итн.

Во зависност од класот, наставникот може да одлучи да прилагоди дел од инструкциите:

**1.**Тој што ќе ги добие инструкциите смее само да слуша.
**2.** Тој што црта поставува само прецизни прашања (одговорени со да или не) на пример “Дали правоаголникот е на десно од триаголникот?”
**3.** Тој што црта смее да поставува прашања за појаснување, како на пример “Објасни уште еднаш како и каде треба да го нацртам триаголникот”

# АКТИВНОСТ 2

## Што се споделува на интерне

5то одделение

40 min. Компјутер и екран Училница

Погледнете го видеото. Има многу замисливи интерпретации за тоа што го гледаме во краткиот клип. За мнозинството, првичната идеја се однесува на малтретирање, оговарање, и онлајн малтретирање, но интересно е и да се знае дека учениците мислат и на можните позитивни интерпретации. Двајца пријатели гледаат слики од интересен празник? Некој што на пријателот му покажува смешен филм? Припремања за тајна изненадувачка забава?

Оставете ги учениците да анализираат што гледаат со помош на пропратните прашања. Завршете со заедничко прегледување и потсетување пред учениците да почнат со цртање или пишување за тоа што мислат дека е надвор од сликата, или што мислат дека се случило или ќе се случи следно.
Наставникот потоа треба да проба отворено да пристапи кон искуствата и мислите на учениците. Доколку има време, учениците може да одглумат (глумат/создадат претстава) различни ситуации поврзани со нивните интерпретации на клипот.

# Инструкции

**1. Видете го краткиот клип**
Тука нема зборови, па сите може да го гледаат клипот, дури и да не разбираат Шведски.
https://digitalalektioner.iis.se/lektion/vad-sprids-pa-natet/

**2. Што прават?**
Стратегијата на кооперативно учење **Мисли-Пар-Споделување** е со цел да одговори на овие прашања:

1. Дајте им на учениците малку време да размислат за прашањата во тишина. Одприлика една минута.
2. Оставете ги учениците да се групираат во парови со оној што седи до нив, и да ги одговорат прашањата.
3. Еден ученик мери време и следи дали двајцата во парот зборуваат подеднакво во времетраење (одприлика 1 минута за едно прашање).

**Прашања:**

- Кои се двете деца? Кажете што мислите.
- Што прават тие? Опишете што гледате.
- Што мислите дека тие гледаат?
- Зошто се смеат?
- Дали има други луѓе околу децата? Некои кои не ги гледаме? Објаснете што мислите.

Дали препознавате што се случува во клипот?

4. Оставете ги учениците да ги споделат своите мисли со останатите во класот.

### 3. ШТО СЕ СЛУЧУВА СЛЕДНО?

Во оваа вежба, наставникот одлучува дали децата ќе продолжат да работат во парови, или пак овој дел треба да е за секој посебно. Учениците може да одберат да цртаат или да напишат приказна за (15-20 мин.):

Што се случува надвор од сликата?
Што гледаат децата на мобилните?
Што се случи набрзо пред тоа што го видовме на клипот?
Што ќе се случи набрзо по тоа што го видовме на клипот?

Завршете ја лекцијата со тоа што ќе им дозволите на учениците да ги споделат своите приказни со тој/таа до нив. Ако работеле во парови, може да се свртат наоколу и да ги раскажат своите приказни на парот позади (5-10 мин).

# Релевантност на активноста со темата

Оваа вежба им помага на учениците да мислат околу тоа како ќе интерпретираат некоја ситуација која има повеќе можни одговори. ако тие само погодуваат и немаат критичко мислење за тоа што се случило, можно е да ја разберат ситуацијата на погрешен начин. За крај, ако тие сакааат да знаат што е вистина за нивната приказна, може директно да прашаат.



# Очекувани резултати

Со оваа активност, учениците подобро ќе разберат дека една ситуација може да има повеќе можни ситуации, и често некоја позадина која не е позната. Кога тие ќе се соочат со вакви ситуации во училиште, или во приватниот живот, ќе имаат подобро разбирање дека ситуацијата не е секогаш така како што изгледа на почетокот. Секогаш треба да се имаат целосните факти и контекстот, со цел да се завземе став.

# Коментари

Како алтернатива, учениците може да напишат кратко сценарио и да ги одглумат (еден акт, или претстава) нивните мисли во мали групи.



# АКТИВНОСТ 3

## Можеш ли да направиш прашања кои критички ги анализираат изворите?

6то одделение

45 мин.

Бели листови хартија, лепливи лифчиња, пенкала, принтан текст од материјалот 'паста за заби'

Училница

Да се завземе критички став за што слушаат и што гледаат, и децата треба исто така да знаат како да формулираат прашања за анализа на изворите.

Наставникот запишува прашално зборови (кој, зошто, што, кога, каде, како) на таблата, или им ги дава овие зборови на мали ливчиња.



## Опис

**КОЈ?** – Кој стои позади информацијата? Дали е тоа некој надлежен, организација, компанија, или индивидуалец? Дали авторот делува доверливо? Дали може да го контактирате авторот за информацијата? Дали испраќачот на информацијата е авторот или само препраќа? До кој е адресирана информацијата?

**ЗОШТО?** – Дали е целта да се рашири информацијата, да се креира дебата, рашири мислење, или заработат пари? Дали треба да ја препраќаш оваа информација? До кого? Зошто?

**ШТО?** – Каков тип на информација е ова? Дали се лични мислења или факти? Дали е текст, слика, видео? Дали информацијата е доволно разбирлива за да се креира информирано мислење? Дали недостасуваат важни детали? Дали ова се совпаѓа со работи кои веќе ги знаете или се сомневате во ова? Дали ви изгледа веродостојно?

**КОГА?** – Дали има датум? Возможно ли е да знаете колку е стара информацијата? Можеби нешто станало застарено?

**КАДЕ?** – Доколку имаме слика или видео, дали е спомната локацијата? Дали можеш да препознаеш каде е тоа?

**КАКО?** – Како ја најдовте информацијата? Дали ги пребаравте информациите, и дали ги добивте откако ги побаравте? Како изгледа вебсајтот? На пример, погледнете го јазикот и правописот. Многу погрешно напишани зборови изгледаат неуредно и неосмислено низ содржината.

Наставникот чита или замолува некој да го прочита на глас текстот подолу, пред целиот клас кој слуша и има завземено критички став.

*Според ново истражување, опасно е да се четкаат забите со обоена паста. Гласањето покажало дека се повеќе луѓе ги четкаат забите со обоеена паста за заби.*
*Експертите веруваат дека обоената паста може да предизвика рак на непцата. Ова, сепак, е нешто што јавниот стоматолошки сектор сака да го скрие, тврдат безбедносни извори. Кога можната опасност беше дознаена меѓу родителите, постана јавно негодување.*

Наставникот прашува дали има некои мерки на претпазливост. Дали има нешто што во текстот звучи нејасно? Некои извори кои звучат непрегледно?

Наставникот дава пример како да ги натера учениците да размислуваат критички во врска со изворите: “Според ново истражување” е малку нејасно. Кој е зад ова истражување? Која му е целта?





# Вежба 1

Потоа, оставете ги во парови да најдат повеќе места во текстот каде нешто звучи чудно, или каде е нејасно кој стои зад изјавата. Колку вакви неправилности ќе најдат?

Потоа, направете четири агли и прашајте ги да застанат во аголот кој најмногу им одговара:

**Агол еден:** Не наоѓам места каде критички гледам на изворите.
**Агол два:** Гледам едно место каде критички гледам на изворите.
**Агол три:** Гледам две места каде критички гледам на изворите.
**Агол четири:** Гледам три или повеќе места каде критички гледам на изворите.

Оставете ги оние кои се во ист агол да разговараат. Дали ги нашле истите работи?

Има најмалку пет места во текстот на кои може да се гледа критички:
1. “Повеќе и повеќе” – Колку значи повеќе и повеќе?
2. “Гласање” – Кој го направи гласањето, и со колку луѓе е разговарано?
3. “Експертите мислат” – Кои експерти? Колку? Дали има и други експерти кои не се спомнати?
4. “Безбедни извори” – Кои извори? Зошто изворите не се спомнати?
5. “Имаше јавна побуна” – Каде? Кога? Колку луѓе треба да реагираат за ова да биде наречено јавна побуна?

# Вежба 2

Наставникот дава лепенки-хартии на секој ученик. Оставете ги учениците да формулираат критички прашања за изворите, во однос на текстот за пастата. Назначете ги заедно преку наоѓање на прашање кое почнува со зборот **кој**, на пример. **Кој е тој што ја водеше анкетата?**

Потоа учениците продолжуваат и прават прашања во парови со зборовите **каде, зошто, кога, што, и како**. Тие ќе ги запишат нивните прашања на лепливи ливчиња.

За да се сумира вежбата, наставникот може да го стави текстот за пастата на А3 лист хартија и да го стави на таблата. Околу текстот, наставникот пишува кој, каде, зошто, кога, и како. Потоа, наставникот замолува еден пар да излезе пред таблата и да ги стави нивните прашања под соодветниот прашален збор. Потоа наставникот може да одлучи дали паровите треба да ги стават сите нивни прашања, или да одберат само едно, да го прочитаат на глас, и да го стават околу постерот.

# Релевантност на активноста со темата

Вежбата овозможува практикување на критичко мислење, со цел да се развијат стратегии и да се научи како да се формулираат критички прашања за изворите, и ова ќе помогне кога учениците се соочени со интернетот и други извори.

# Очекувани резултати

Дајте им на учениците конкретни алатки за формулирање критички прашања за изворите.

# Приврршување

После секоја активност и/или на крајот на модулот, наставникот би требало да ја приврши и оцени сесијата со учениците.

**Реакција**

Наставникот ги остава учениците да седат во парови и ја користи стратегијата мисли-пар-споделување, кадешто учениците почнуваат со мислење, секој сам за себе, во 2 минути, околу прашања како: Што е најважното нешто што го научив?
Сакам да научам повеќе за...
Најмногу ме збуни...

Потоа, учениците во парови ги споделуваат нивните одговори и мисли едни со други, околу 3 минути. Сесијата завршува со дискусија од околу 5 минути која ја води наставникот, и тој/таа може да ги префразира прашањата од погоре. Наставникот го мери и времето.



**Преглед**

Прво, наставникот може да го сумира целиот модул, да се постети на важните факти кои се спомнати во текот на процесот, да префразира важни учења, да се поврзе со искуствата и дискусиите на учениците, итн. Ова може да води кон дијалог во класот околу тоа што е важно и треба да се запомни, да подучува или да тренира во контекст на критичкото мислење.

Во меѓувреме, наставникот оди назад кај постерот со лепливите ливчиња кадешто учениците пишуваа на почеток на модулот. Наставникот ги запишува прегледите на учениците на постерот, и ги поврзува со тоа што тие го научиле за критичко мислење. Потоа, тој/таа на глас ја чита содржината од постерот. Прво, како учениците дефинирале критичко мислење, и второ, нивните главни учења после модулот. Затоа, сега класот има нивен постер кој дефинира што е критичко мислење, и ова е се разбира со најдената содржина за критичко мислење

Целокупното време за преглед не треба да трае повеќе од 10 минути.

# Заклучок

Врз база на постерот, како и клучните пораки и цели од модулот (погоре), наставникот може да сумира основни учења од модулот во максимум пет минути.

Наставникот исто така може да се фокусира и на аспекти од критичкото учење кои учениците не ги спомнале, или да ги запише и да се фокусира на овие аспекти во иднина.

# Оценување

После секоја активност и/или на крајот на модулот, наставникот треба да ја приврши и оцени сесијата со учениците.

Смајлињата нека циркулираат низ класот. Секој ученик може да одбере едно и да даде коментар за неговото/нејзиното оценување на модулот, доколку тој/таа сака.

Испринтајте ги смајлињата со различни расположенија:


YES

Да


I am not sure

Не сум сигурен/на


Not at all

Воопшто не

# ДОПОЛНИТЕЛНИ ИЗВОРИ

## Активност - Слики













## Активност 2 - Паста за заби

Според ново истражување, опасно е да се четкаат забите со обоена паста. Гласањето покажало дека се повеќе луѓе ги четкаат забите со обоеена паста за заби.
Експертите веруваат дека обоената паста може да предизвика рак на непцата.
Ова, сепак, е нешто што јавниот стоматолошки сектор сака да го скрие, тврдат безбедносни извори. Кога можната опасност беше дознаена меѓу родителите, постана јавно негодување.

# Превенција & решавање на конфликти

## Наставна програма

(Насилен) радикализам е идеолошко посветување кое отфрла постоечки ред, и смета дека насилството е оправдан начин за достиг на целите во едно менувачко општество. Радикализацијата е индивидуален или колективен процес кој се однесува на секој и не е само за религија. Генерално, овој процес поттикнува изолација, догматска мисла (мојот поглед на светот единствен правилен), проселетизам, одбивање на тие што мислат или се однесуваат раазлично, и дури и нивна дехуманизација, која го оправдува брутализирањето. Постојат начини да се спречи насилна радикализација, вклучувајќи и одржување дијалог, братство, и критичко мислење.

05
Модул

## Содржина
Модул 5

**Превенција & ешавање на конфликти**
Клучна порака 58

**ВОВЕД** 59
Главни цели 60

**ИНСТРУКЦИИ** 61
Образовни совети и водење 63

**АКТИВНОСТИ**
Активност 1
Конфликтите се скали 63

Активност 2
Кога си во неволја, јави се на... 66

Активност 3
Исмејуваната Леа 67

**ПРИВРШУВАЊЕ** **69**
Реакција 69

Преглед 70

**ЗАКЛУЧОК** **70**

**ОЦЕНУВАЊЕ** **71**

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ИЗВОРИ** **71**

# Вовед

Институциите на формално образование се клучни фактори во превенција на радикализација. Тие негуваат споделени вредности, вклучување и диверзитет, и им помагаат на учениците да развијат општествени животни вредности како критичко мислење, самоконтрола и да одбегнуваат конфликти како и да ги решаваат, и овие се основни за едно активно граѓанство во демократските општества (генеричка превенција).

Сепак, училиштата се места каде се гледаат првите знаци на радикализација, и места каде реакциите се иницирани (секундарна превенција). Во многу случаи, наставниците се првите кои се свесни за промените во изгледот, размислувањето и однесувањето, и нудат поддршка на децата кои имаат потреба од ориентација.

> Зошто луѓето вообичаено не извршуваат криминал, и што ова ни кажува за луѓето кои вршат криминал?

Превенција од криминал значи поставување на јасни граници за деца и адолесценти. Сепак, Професор Викстром нагласува дека ове не е доволно. Со давање на емпатија и поддршка, децата треба да научат да се контролираат себеси преку моралност и самоконтрола, и е подеднакво важно за децата да имаат силни и здрави врски. Но, да се биде добар во врските не е доволно само по себе.

Интеракцијата помеѓу сите овие горенаведени фактори е важна и затоа основното нешто е да се истражува подетално во елементите на САТ.

САТ го опишува однесувањето на една особа како раскрсница помеѓу особата и непосредните опкружувања. Моделот подолу го објаснува процесот кој всушност води кон “избор”:




Според САТ, криминалниот акт е воглавно мотивиран од искушенија или провокации. Мотивацијата промовира активен процес кој води кон некоја цел. Криминалните тенденции на една особа зависат воглавно од моралот и градењето на единката, како и на јачината на овие основни вредности.

Способноста на луѓето да вежбаат самоконтрола е исто така важно доколку тие се охрабрени од околината да прекршат некое морално правило во кое самите веруваат. Способноста на една особа да вежба самоконрола зависи и до кој степен тој/таа може да ја совлада оваа вештина, но имаат и влијание оние фактори како интоксикација со алкохол, дроги, стрес, или силни емоции. Се на се, криминалните тенденции на една особа може да се видат преку интеракцијата на неговите/нејзините морали и способноста да се вежба самоконтрола, но и нивната релација со средината.

Поставувањата и условите кои на еден или друг начин охрабруваат криминал, може да се сметаат за криминогени поставувања, односно средина која води кон криминал. САТ понатаму тврди дека всушност, има два типа на изборни процеси; избор од наика или рационален намерен избор. Без разлика дали особата има намера да изврши криминал би зависело од крајниот резултат на овие претпоставки. Проф. Викстром го следи мислењето дека најдобрата превенција на криминалот е да се влијае на моралното образование и когнитивниот развој на децата и адолесцентите. Ова се изведува преку клучните социјални институции како семејство и училиште.

# Главни цели



Содржината ии предложените материјали во наставната програма (и во тренинг модулот “Превенција и решавање на конфликти”), како и друштвената игра, имаат за цел да им обезбедат на наставниците и едукаторите еден спремен и едноставен комплет на инструкции и алатки кои ќе го водат образованието кон превенција од радикализација, на еден разбирлив начин.
Петте теми на наставната програма (моралност, самоконтрола, вклучување и диверзитет, критичко мислење, превенција и решавање на конфликти) се важни делови од едно инклузивно општество. Тие треба да се научени уште од рана возраст во личниот развој на единката. Stronger Together предлага метод за подучување на разбирлив и прилагоден начин (види дополнителни информации во Прирачникот).

Понатаму, за овој модул “превенција и решавање на конфликти” главните цели се:

- Со почит да се слушнат различни гледишта, да се изразат личните мислења и да се земат сите во предвид;
- Да се препознаат емоции кои другата особа ги искусува;
- Да се препознаат можни извори на конфликт, да се препознаат различни видови на реакции во конфликт, и последиците од такви реакции;
- Да се разбере дека незадоволството со основните потреби на луѓето може да создаде конфликт;
- Да се знае кои институции во земјата даваат заштита и сигурност, и да бидеме свесни кои се тие;
- Да се изрази проблем за кој треба помош од институција и да може да се обратиме на таа институција.

# Инструкции

Насилна радикализација или екстремизам може да се појави во различни форми, и е негуван со различни верувања и идеолошки влијанија.

- Десничарски екстремизам: Форма на радикализам поврзан со ксенофобични, фашистички, расистички, врховистички, или ултранационалистички мотиви.

- Политичко-религиозен екстремизам: Форма на радикализам поврзан со политички поглед на религијата кој води до (некогаш насилна) одбрана на фундаменталната религија или религиозни идентитети за кои се мисли дека се под напад (преку глобални конфликти, странски политики, општествени дебати, итн.)

- Левичарски екстремизам: Форма на радикализам што генерално вклучува анти-капитализам и трансформација на политичкиот систем за кој се мисли дека е причина за нееднаквоста во општеството.

- Самостоен екстремизам: Форма на радикализам каде главна мотивација е идеолошка кауза или специфична изјава.

Радикализацијата која води кон насилство се случува во ситуации каде има повеќе општествени ситуации, лични психосоцијални проблеми, и дополнителните фактори се преплетуваат. Факторите кои се поврзани со радикализацијата што води кон насилство се:

- Когнитивна закоравеност
- Центрирана перцепција
- Непомерливи идеолошки убедувања
- Недостаток од критичко растојание;
- Двојни поедноставувања ("бело наспроти црно", "добро наспроти лошо")

Во проектот Stroger Together, ние градиме врз моралност, самоконтрола, вклучување и диверзитет, критичко мислење и превенција и решавање на конфликти како основни вредности и вештини за превенција од радикализација. Практичните активности во овој модул ќе ги водат наставниците за како да допринесат за личниот, емоционалниот и општествениот развој на учениците, преку интерактивни работилници и дискусии.

Воведот на темата ќе започне со сопственото знаење на учениците за оваа тема, и ќе се базира на дијалози. Клучните зборови од учениците и нивните дискусии ќе бидат запишани на лепливи ливчиња и додадени на постер. Наставникот ќе ги води учениците низ различни дијалози и ќе додава знаење во дискусиите кога е потребно.
Наставникот потоа објаснува дека денешната тема е превенција и решавање на конфликти. Ако е потребно (во зависност од возраста), наставникот може да ја прикаже темата во две минути, преку реферирање на клучната порака и целите (погоре) и објаснувајќи ги на класот, поврзувајќи ги со предложените активности (подолу)

Воведот на темава може да започне со презентација и кратко видео клип, како и слики кои покажуваат разни училишта низ светот (https://www.youtube.com/watch?v=at2gAjtsgtk). Преку видеото, учениците може да добијат една позитивна слика за училиштето како заедница на диверзитет.

Потоа, наставникот закачува постер (А3 или поголем) или ја користи таблата, и ја пишува темата на модулот превенција и решавање на конфликти на горниот дел на хартијата. Наставникот раздава и лепливи ливчиња и ги распоредува учениците по парови (тие кои седат еден до друг) за да го разгледаат прашањето: Што значи да се спречи конфликт? Тие имаат две минути да го дискутираат ова. Учениците запишуваат клучни зборови за време на разговорот. Потоа, наставникот им кажува да се завртат кон парот кој седи до нив (па сега се четири) и дискутираат околу ново прашање: Што значи да се реши конфликт? И ги запишуваат клучните зборови, ако такви има. Учениците имаат две минути за ова. Потоа, наставникот започнува класна дискусија во околу 10 минути, врз основа на нивните разговори, и кажува: Што значи да се спречи конфликт? и учениците ги изразуваат нивните мисли, па наставникот поставува ново прашање: Што значи да се реши конфликт. Додека учениците ги презентираат нивните сфаќања на темата, клучните зборови се додавани на постерот. Наставникот ја контролира дискусијата, и формира изрази кои ја подобруваат дискусијата, но и ги тераат учениците да ја разгледуваат темата уште повеќе.

Сите активности кои се презентирани се лични и не зависат од другите. Тие може да се користат како водич за помош чекор по чекор, низ процесот на лично откривање, како и на другите и на светот околу нив кој се адаптира на нивниот стил на учење и способност. Наставникот кој сака да посвети повеќе време на некоја активност, може да комбинира активност со друг образовен контекст или да го зголеми времето за дискусија и да додаде и свои прашања.

Презентирање информации за други култури, луѓе, конфликти, стереотипи и предрасуди, важноста на соработка, итн. не значи дека превенцијата на радикализација е постигната.

Затоа, важен дел и алатка за успешно реализирање на овој модул е соодветниот и точниот избор на наставни методи. Додека пак за другите модули на оваа наставна програма, пристапите за превенција на радикализација треба да поттикнат интеракција и директна мултинасочна комуникација, да охрабрат критичко и флексибилно мислење, да негуваат љубопитност и емпатија, да допринесат за преиспитување и менување на односите, да промовираат соработка, итн.

Различните активности кои се тука презентирани, имаат за цел да креираат безбедна средина за дискусии и прегледување, да ја покренат свеста за превенција и решавање на конфликти меѓу учениците и да негуваат дебати во училницата.

Секоја практична активност се содржи од следните фази:

- Вовед на активноста
- Главна активност
- Реакција за активноста преку дискусија за некое одредено прашање
- Заклучок



# Образовни совети и водење

Препорачливо е да се комплетираат сите фази кои се предложени, и потребното време да се посочи, и секако се внимава доколку мислите дека некоја активност не е компатибилна со животните искуства на учениците во групата.

Самостојно, тандемски, или групни работења нудат различни работни можности со цел да се охрабрат учениците и нивната љубопитност за дознавање и препознавање на ситуации на диверзитет. Наставникот треба да нуди поддршка и соработка во групата, да дебатира, активно да слуша, да поттикнува меѓусебна соработка, итн.




# АКТИВНОСТ 1

## Конфликтите се скали

4то одделение

90 минути.

Работни листови со цртежи (види Дополнителни Извори), креда, табла, леплива трака/селотејп, балони, и пумпа за балоните

Училница

## Инструкции

Потребни се три волонтери, секој од нив добива по еден балон, и има за задача да го надува балонот додека тој не пукне. По оваа активност, се води дискусија со следниве прашања:

Дали уживавте во активноста?
Дали се плашевте од нешто?
Како вие, како публика се чувствувавте? Дали бевте уплашени?
Дали луѓето понекогаш се однесуваат како балони?
Како тоа изгледа?
Дали тие се чувствуваат добро тогаш?

Понекогаш луѓето се однесуваат како балони. Тие се расправаат, нивниот бес се зголемува и во одреден момент ‘експлодираат’. Ова може да доведе до лоши последици за нив и за другите.

Наставникот има до него/неа:
Приказната “Конфликтите се скали” (види Дополнителни извори); Цртежи со различни моменти од приказната (види Дополнителни извори).

На таблата, наставникот со креда црта едноставна слика од скали, девет скали кои се доволно широки за цртежите да бидат залепени на нив, на секоја скала посебно. Наставникот објаснува дека скалите претставуваат различни степени на конфликтот (од “мирен” до “агресивен”). Во конфликтна ситуација, може да се движиме нагоре по скалите за примирје, или надолу за влошување на ситуацијата. Потоа, приказната ја читаме на глас од работните листови “Конфликтите се скали” (види Дополнителни извори).

Одпосле или за време на приказната, цртежите кои прикажуваат различни моменти од приказната, наставникот ги лепи на цртежот скалите, или доброволец го прави ова, на нивото кое се чини како најсоодветно (помеѓу “мирно” и “агресивно”). Оваа вежба е прилика за дебатирање меѓу соучениците за темата, со цел да се разбере дека има различни нивоа на интензитет во конфликтите, и како конфликт може да се реши или влоши.

**Работни листови за наставникот (“Конфликтите се скали – 1”)**
**Опис на цртежи**
**Цртеж 1** – Семир и Јана се во истиот клас и делат иста маса. Тој ден, за време на големиот одмор, Семир не сака да излезе од училницата и останува кадешто е за да ја реши задачата по математика. Јана пак, сака да оди надвор со другарчето во училишниот двор, веднаш штом часот заврши и штом наставникот си замине од училницата, таа веднаш брза да стане од столот.

**Цртеж 2** – Но, бидејќи Јана се брза, таа без да сака ја тресе масата. Ова го уплаши Семир, па тој ја крева неговата рака додека сеуште држи пенкало кое има сино мастило. Три капки од мастилото паднаа на маицата на Јана.

**Цртеж 3а и 3б** – Јана: Ми ја извалка маицата!
Семир: Е голема работа! Мастилото се мие со вода и ќе биде испрано.
Јана: Да, но не можам да го измијам тука на училиште. Треба да чекам да дојдам дома. Дали треба да го поминам целиот ден на училиште со ваква маица?
Семир: Ех, твоја вина е! Ти ја стресе масата и мастилото летна.
Јана: Баш си глупав – мастилото не лета! Ти го направи тоа намерно!
Семир: Баш си трапава, ти носиш наочари за ништо и не гледаш ништо, дури ни кога го поместуваш столот!
Јана: Подобро да сум трапава или глупава, наместо дебела како тебе!
Семир: Кој е дебел? Сега ќе видиш!

**Цртеж 4** –Потоа Јана трча низ училницата додека Семир ја брка неа за да ја фати.

**Цртеж 5** – Додека трчаат, во еден момент таа е пак на нејзината маса, ја зема чашата со вода и ја фрла на задачите на Семир.

**Цртеж 6** – Семир потоа се лути. Доаѓа до Јана и ја турка на земјата.

**Цртеж 7** – Кога наставникот влегува, Јана и Семир и кажуваат дека не сакаат да ја делат масата повеќе. Наставничката ги прашува зошто, и тие и почнуваат да се обвинуваат меѓусебно истовремено. Семир вели дека Јана ја упропастила неговата вежба, а Јана вели дека тој ја турнал.

**Цртеж 8** – Наставникот потоа ги преместува на различни маси. Одтогаш, Јана и Семир повеќе не си играат заедно.

По главната активност, потребна е дикусија со следниве прашања:

- Што се случи прво? Што одпосле? Со помош на цртежите, најважните елементи на приказната се повторуваат, вклучувајќи ги и можните реакции од двете страни.
- Што се случува на крајот?
- Како Јана се чувствуваше на крајот, а како Семир?
- Дали се однесуваа на пријателски начин или непријателски начин еден кон друг? Зошто?
- Кои се грешките во однесувањето на Семир?
- Кои се грешките во однесувањето на Јана?
- Што треба да направи Семир за да го реши конфликтот?
- Што треба да направи Јана за да го реши конфликтот?



# Релевантност на активноста со темата

Активноста е поврзана со модулот на превенција и решавање на конфликти, бидејќи секој чекор изразува приказна за конфликт помеѓу децата. Иако конфликтот почнува по грешка, ескалира на крајот и децата се лути меѓусебно. Иако наставникот пробува да делува некако и ги прашува што е причината за кавгата, децата почнуваат да се обвинуваат меѓусебно и да си ја префрлаат вината. На крајот наставникот мора да ги раздели и да ги смести со други деца.

# Очекувани резултати

Учење за решавање на конфликт е пожелно, за тоа да не биде повеќе закана за добрите релации меѓу учениците. Разбирање на сопствената одговорност во интеракцијата со другите и негувањње на взаемните добри чувства.

# Коментари

За време на воведната активност, наставникот треба да им помогне на учениците со дување на балоните.

Активноста е соодветна за 4то, 5то и 6то одделение, и потоа наставникот треба да спореди резултати од дискусиите во секое одделение, со цел да ги разбере разликите на начини за размислување низ различни возрасни групи.

# АКТИВНОСТ 2

## Кога си во неволја, јави се на...

5тто одделение

75 мин.

Бели листови хартија, алатки за цртање и пишување.

Училница

## Инструкции

Оваа активност е за изразување на мемории и мисли преку цртање, дискусија со учениците и преглед.

Сите ученици седат во круг и наставникот им вели да ги затворат очите и да пробаат да се сетат на место и ситуација во која се чувсствувале сигурно. Тие треба да се сетат каде биле, со кој, како се чувствувале и зошто? По 5 минути, ги отвораат очите и наставникот бира неколку од нив да кажат зошто и каде биле сигурни и безбедни.

Со овој вовед, учениците треба да се свесни за тоа на кој може да се обратат доколку се чувствуваат небезбедно.

Учениците се поделени во три групи и секоја група добива ситуација за која треба да размислува.

Група 1 - дома;
Група 2 - надвор;
Група 3 - на училиште.

Првата група треба да решава хипотетичка ситуација. На пример: Дома си сам/а. Одеднаш, слушаш глас во куќата и приметуваш дека некој влегол во домот. Како ќе реагираш?

Втората група исто решава хипотетичка ситуација. На пример: Возиш велосипед и некој доаѓа до тебе (исто со велосипед) и ти нуди да одиш со него/неа по скратен пат. Како ќе реагираш?

Третата група група исто решава хипотетичка ситуација. На пример: Во училиште си, на игралиштето. Одеднаш гледаш група соученици кои држат пиштол. Како ќе реагираш?

Учениците пишуваат/цртаат како би се погрижиле за нивната безбедност доколку се во опасност, и кој може да им помогне во вакви ситуации. Кога ова е завршено, еден претставник од секоја група го презентира текстот/цртежот пред класот.

## Релевантност на активноста со темата

Активноста е релевантна за темата превенција на радикализација бидејќи посочува на различни видови на опасни ситуации каде возможно е да има и деца и нивната безбедност да е загрозена. Вака се стимулира нивното емоционално расудување поврзано со некое сеќавање околу вознемирувачки настани дома, надвор, или на училиште. Ова ги охрабрува да запомнат кои биле нивните емоционални рекации за време на настанот и уште поважно, зошто тие се чувствувале така.

## Очекувани резултати

Освен грижа за сопствената безбедност, исто така има и државни институции кои се одговорни за заштита и безбедност на граѓаните во една држава.

По активноста се очекува од учениците да знаат кои институции, граѓански организации и други центри во земјата може да овозможат заштита и сигурност, да се свесни за тоа што треба да го направат и да знаат кој да го контактираат соодветно и лесно.

## Коментари

Оваа активност е соодветна за 4то, 5то и 6то одделение.



# АКТИВНОСТ 3

## Исмејуваната Леа

6то одделение

105 мин.

Работни листови за наставникот: “Исмеваната Леа” (види Дополнителни Извори), табла, креда...

Училница

## Инструкции

Оваа активност е за изразување на чувствата преку гримаси, анализирање и дискусии со учениците за несоодветни однесувања и преглед.

**Активност 1**

Сите ученици се собрани во круг. Наставникот почнува со правење на гримаса. Потоа се преправа дека го вади тоа лице со рацете и го дава на особата која стои следна. Особата ја зема гримасата, ја става на лицето, и ја повторува. Потоа тој/таа ја вади и ја става на средина на кругот. Сега таа особа треба да смисли своја нова гримаса, и да ја покаже на другите, потоа да ја подаде на другата особа во кругот. Па, кругот продолжува до последниот учесник, и се додека сите гримаси не се собрани во средината.

Некои примери на гримаси се прикажани на сликата долу.



Во оваа активност, учениците ќе можат да препознаат емоции кои се искусени од друга особа.

**Активност 2**
Наставникот посочува дека примерот за “Исмеваната Леа” е еден вид на насилство врз некој друг. Наставникот потоа прашува на какви други начини луѓетто/децата се однесуваат насилно кон друга особа? Учениците смислуваат идеи, и наставникот ги запишува на таблата. Во следниот чекор, наставникот прашува кои се последиците на наведените насилни однесувања кон жртвата. Одговорите може да се собрани и запишани на таблата.

**Завршна активност**
Следно, имаме една необична порака, откако ќе ги следиме инструкциите од наставникот:

- Полека почнува да врне (секој ученик полека тапка со прстите врз рамената на особата пред него/неа – слично како свирење клавир). Движењата се започнати од наставникот, и секоја особа треба да го префрли истото движење на особата напред веднаш штом го почувствува кај себеси. Движењето не запира додека ново не се појави.
- Сега е дождот појак (исти тапкања, но посилни).
- Врне се повеќе (тапкањата се засилуваат)
- Ветер почнува да дува (ширење н дланките и со нежни движења поминуваме преку грбот и рамената)
- Од реката, има бранови (посилна масажа)
- Има и громови (допрете ги прстите заедно и со краевите на дланките удирајте ги малку рамената)
- Сега дождот се смирува, и врне помалку, скоро воопшто не (намалете ја јачината на тапкањата, и завршете со истите движења со кои почнавте)
- Сега не врне, но сонцето сјае (нежно пејте и држете ги прстите на рамената)
- Наставникот им кажува на учениците дека дождот запрел, и ветрот запрел и играта е завршена.

# Релевантност на темата

Оваа активност се базира на постапката на насилство и затоа е поврзана со модулот за превенција и решавање на конфликти. Конкретно за оваа активност, има насилничко однесување кон Леа кое предизвикува штетни последици за неа во иднина, бидејќи овие коментари со омраза и осудување кон неа може лесно да прераснат во одбивање на нејзиниот карактер како личност.

# Очекувани резултати

Учениците треба да се свесни за несоодветниот говор кој може да ги повреди другите и нивните чувства. Да се ставиме себеси "на место на другиот" ќе ни помогне да ги разбереме негативните чувства кои се резултат на исмевање и навредување. Ова раѓа потреба за емпатија кон навредените и исмеваните, и потреба за намалување на негативните чувства.

Емпатијата се покажува преку прифаќање на тие чувства кои постојат (и не само преку нивно негирање или потценување), без да се посочи на личните искуства и без напади, навреди, омаловажувања кај оној кој ги искажува тие чувства.

Ако другите видат нешто што ние не сакаме и нешто што ни е направено (исмевање, навреди), ние сме повредени и ако ова го продолжат, ќе им кажеме на возрасните за тоа (наставници, педагог, родители) за да превземат некои мерки, и ова ќе помогне да запрат навредите.

Има различни форми на насилно однесување, како на пример: "рекет" (изнудување), изолација, малтретирање, тепачки, итн. Последиците од насилното однесувањње може да се физички или психолошки трауми, крај на пријателство, ново насилство (одмазда), итн.

# Коментари

Оваа активност е препорачана за ученици од 4то одделение



# Приврршување

По секоја активност и/или на крајот на модулот, наставникот привррршува и ја оценува сесијата со учениците.

**РЕАКЦИЈА**

Наставникот ги остава учениците да седат во парови и ја користи стратегијата мисли-пар-сподели, каде учениците почнуваат со мислење во себе низ околу 2 минути за прашања како:

> Што е најважното нешто што го научив?
> Сакам да научам повеќе за...
> Тоа што најмногу ме збуни беше...

Потоа, учениците во парови ги споделуваат нивните одговори и мисли меѓусебно во околу 3 минути. Сесијата завршува со дискусија од околу 5 минути предводена од наставникот, кој го реформулира прашањето од погоре. Наставникот го мери времето.

**ПРЕГЛЕД**

Прво, наставникот го сумира целиот модул, и се потсетува на важни факти од процесот на учење, реформулира важни информации, и ги поврзува искуствата и дискусиите од учениците, итн. Ова води кон дијалог во класот за што е важно да се запомни, научи или вежба во врска со превенција и решавање на конфликти.

Наставникот поттикнува дебата со следниве прашања:

- Кој е одговорен за нашата безбедност?
- Кој може да ни помогне во ситуации како конфликти или кризи? (Национални центри, институции и социјални институции?)
- Дали знаеш како да контактираш институции за безбедност? Зошто е важно да се знаат овие броеви? Што треба да кажам кога ќе им се јавам?
- Што правиш во конфликтни ситуации? Дали се тепаш, дали се откажуваш, дали го решаваш конфликтот?
- Какви чувства ти се појавуваат во конфликтни ситуации? Зошто?
- Што е крајниот резултат на противење/решавање/одбегнување? Дали е конфликтот решен? Зошто?
- Што може да се направи за да покажеме емпатија кон оние кои се исмевани и навредувани? Зошто е важно да се превземе нешто во вакви ситуации?
- Дали некогаш си бил/а вклучен/а во ситуација каде некој е исмеван од другите?
- Што би ги олеснило работите за особата која е исмевана и навредувана, со цел да се пдообри ситуацијата?

Во меѓувреме, наставникот оди назад кај постерот со лепливи ливчиња кои учениците ги напишаа на почетокот на модулот. Наставникот ги запишува прегледите на учениците на постерот, поврзувајќи ги со тоа што го научиле досега за превенција и решавање на конфликти. Потоа, тој/таа ја чита на глас содржината од постерот. Прво, учениците дефинираат превенција и решавање на конфликти, и второ нивните главни учења по модулот. Затоа, сега класот има нивен постер кој дефинира превенција и решавање на конфликти и ги претставува и пронајдоците на учениците за превенција и решавање на конфликти.

Целокупното време за преглед не треба да трае подолго од 10 минути.

# Заклучок

Врз основа на постерот, како и клучната порака и целите на модулот (погоре), наставникот може да ги сумира главните учења од модулот во максимум пет минути. наставникот треба да е способен и да ги разгледа аспектите за превенција и решавање на конфликти кои учениците не ги спомнале, или запишале, и да се фокусира на тие аспекти во иднина.

# Оценување

По секоја активност и/или крајот на модулот, наставникот ја приврршува и оценува сесијата со учениците.

Оставете смајлиљата да кружат низ класот. Секој ученик може да одбере едно и да даде коментар за неговото/нејзиното оценување на модулот доколку тој/таа сака.

Испринтајте ги смајлињата во различни расположенија.



YES | I am not sure | Not at all

Да | Не сум сигурен/на | Воопшто не

# Дополнителни Извори

## АКТИВНОСТ 1- Конфликтите се скали

**Цртеж 1**

Семир и Јана се во истиот клас и делат иста маса. Тој ден, за време на одморот, Семир не сакаше да излезе од училницата, и наместо тоа, тој си седеше на местото за да доврши задача по математика. Јана пак, сакаше да излезе надвор со нејзиното другарче во училишниот двор, па веднаш штом часот заврши и наставникот ја напушти училницата, таа побрза да стане од столчето.



**Цртеж 2**

Но, бидејќи брзаше, Јана несакајќи ја стресе масата. Ова го уплаши Семир, па тој ја крена раката додека го држеше пенкалото со сино мастило. Три капки од мастилото паднаа на маицата на Јана.



**Цртеж 3а и 3б**

Јана: Ми ја извалка маицата!

Семир: Е голема работа! Мастилото се мие со вода и ќе биде испрано.

Јана: Да, но не можам да го измијам тука на училиште. Треба да чекам да дојдам дома. Дали треба да го поминам целиот ден на училиште со ваква маица?

Семир: Ех, твоја вина е! Ти ја стресе масата и мастилото летна!

Јана: Баш си глупав – мастилото не лета! Ти го направи тоа намерно!

Семир: Баш си трапава, ти носиш наочари за ништо и не гледаш ништо, дури ни кога го поместуваш столот!

Јана: Подобро да сум трапава или глупава, наместо дебела како тебе!

Семир: Кој е дебел? Сега ќе видиш!





**Цртеж 4**
Потоа Јана трча низ училницата додека Семир ја брка неа за да ја фати.



**Цртеж 5**
Додека трчаат, во еден момент таа е пак на нејзината маса, ја зема чашата со вода и ја фрла на задачите на Семир.



**Цртеж 6**
Семир потоа се лути. Доаѓа до Јана и ја турка на земјата.



**Цртеж 7**
Кога наставникот влегува, Јана и Семир и кажуваат дека не сакаат да ја делат масата повеќе. Наставничката ги прашува зошто, и тие и почнуваат да се обвинуваат меѓусебно истовремено. Семир вели дека Јана ја упропастила неговата вежба, а Јана вели дека тој ја турнал.



**Цртеж 8**
наставникот потоа ги преместува на различни маси. Одтогаш, Јана и Семир повеќе не си играат заедно.



# АКТИВНОСТ 3 - ИСМЕВАНАТА ЛЕА

**РАБОТНИ ЛИСТОВИ**

Леа е новата ученичка во класот и таа сеуште нема пријатели. Таа исто има очни проблеми и мора да носи наочари. Кога отишла со нејзината мајка за медицински преглед, докторот препорачал да купи леќи, за да не мора да носи тешки наочари. Но, тие леќи беа скапи. Мајката на Леа неодамна ја изгуби работата, па немаше пари за леќи. Леа нема татко кој може да им помогне, па таа мора да носи наочари. На училиште беше многу тивка и другите често ја задеваа за нејзините наочари. Другиот ден, за време на одморот, Рики и Сара почнаа да ја исмеваат. Сара кажа: “Леле Леа, како ги носиш тие тегли на лицето? Дали се гледаш во огледало, како изгледаш глупаво?” Грлото на Леа се стегна, но успеа да каже: “Сара, не е твоја работа да зборуваш за моите наочари. Зошто не се погледнеш себеси, и да ме оставиш мене!”

Потоа, Рики додаде: “Не се прави паметна, слепа една? Види се! Сигурно твојата баба ти ги користи наочарите кога и фали тегла за џем. Толку си слепа што мајкати те зема од училиште за да не се изгубиш.” Сите деца се собраа и се смееја. Некои дури и почнаа да одат кон Леа и да викаат : “Леаааа-теглаа!!!”

Леа кутрата одвај се додржа да не заплаче. Посакуваше да исчезне.

Таа почна да вреска “Ве мразам сите” и истрча да избега далеку од децата кои ја исмеваа, и во себеси реши никогаш повеќе да не отиде на училиште. Додека трчаше, се сопна и падна. Нејзините раце беа изгребани и едно од колената исто така. Нејзините наочари паднаа и се скршија. Децата што ја исмеваа, почнаа да се смеат уште погласно.

# ДОПОЛНИТЕЛНИ ДОКУМЕНТИ

http://umd.gov.mk/wp-content/uploads/2013/10/Priracnik-za-obrazovanie-za-zivotni-vestini-od-IV-do-VI-oddelenie.pdf



# Речник

Вистина, вистина е: најверојатно е невозможно да се избега од субјективноста, и апсолутната вистина е можеби неостварлива. Дури и неопипливите поими како време или материја се дискутабилни според научници како Ајнштајн или квантни физичари. Исто така е и добро познато дека судската вистина може да се помести од фактите. Затоа, може и да има онолку вистини колку што оној што ги искажува, тврди дека има.
Всушност, тоа што го викаме вистина е она што веруваме дека е вистина, и колку повеќе можеме да веруваме во тоа, полесно е и да се согласиме со тоа, и ова е корисно, но сепак не треба да заборавиме дека нашиот консензус е субјективен.

- Пример: децата од соседството играат на фудбалски натпревар. Часовникот покажува дека поминале 90 минути. Натпреварот е завршен бидејќи сите се согласуваат дека е точно одминатото време.

Правило: правилата се генерално поставени замонски или регулативи. Тие мора да се почитувани, и да подлежат на санкции. Нивната главна улога е да се олесни заедничкото живеење, поставувајќи граници на личната слобода. Правилата не се статички, но може да се развиваат преку демократска дебата.

- Пример за фудбалски правила: давање гол, давање пенал, враќање на топката ако е надвор од теренот...

Вредностите назначуваат сет на (позитивни) принципи заеднички за многу луѓе, како водич за нивното однесување спрема другите.

Помеѓу основните вредности во нашите Европски демократски општества се слобода, почит, законодавство, и поделба на моќта. Вредностите не се статички, но може да се развиваат преку демократска дебата.

- Примери за фудбалски вредности: фер игра, тимски дух, дисциплина, почит...

Границите може да се обврзувачки (се однесува на правила) или соодветни/препорачливи (се однесува на вредности). Тие се поставени од другите или од самите нас. Во широкиот спектар на можности, границите ни дозволуваат напредок на сигурен начин, и со почит. Исто така ова дозволува да имаме интеракција на заеднички простор. Често, возможно е да се испитува и надвор од границите, но ако тие се поставени, тоа е бидејќи не е соодветно да се надминуваат.

- Примери: Стив понекогаш зажалува што ја враќа топката надвор од теренот, и со придобивка за противниците. Но, од друга страна, границите на теренот му дозволуваат да се забавува со пријателите, додека сестра му е подалеку од теренот.

Моралноста е за правење избори и однесување според тоа што веруваме дека е правилно, фер, и доследно на нашите убедувања (слобода, одговорност) и правилата и вредностите на општеството каде живееме (почит, законодавство). Со други зборови, моралноста ни помага да не присвоиме односи или да не правиме избори кои се нефер или лоши.

- Примери: Стив е во добра позиција за да даде гол но решава да ја подаде топката на Емили за таа да даде гол. Таа е нова во тимот и Стив мисли дека ова ќе и даде самодоверба.

Неговиот морал прави тој вака да се однесува, и тој се чуствува добро околу тоа.
Тоа што е налик фер (добро, правилно) за нас, е тоа што веруваме дека е исправно, легитимно, и во согласност со нашите убедувања. Понекогаш, не се согласуваме за тоа што е фер или нефер (погрешно, лошо), бидејќи нашите лични убедувања може да се изменат, како и нашата перцепција на фактите. вредностите, правилата, и судиите треба да го олеснат консензусот во тој поглед.

- Пример: Стив повредува еден играч од противничкиот тими судијата му дава жолт картон. Стив мисли дека ова не е фер бидејќи не било намерно, но сепак судијата го има последниот збор.

Избор: секогаш има избор. Ова се поврзува со нашата лична слобода. Некои избори се полесно прилагодливи на нашиот интерес и моралност, со постоечки правила и вредности, а други се помалку прилагодливи (оние кои може да створат проблем). Важно е да сме свесни за изборите што ги правиме, благодарение на критичкото мислење, како и да размислуваме добро и да очекуваме одредени последици (одговорност).

- Пример: Стив одлучува да не оди на тренингот за фудбал бидејќи приоритет му е домашната задача. Како резултат на овој избор, тој не е одбран да игра на натпреварот во сабота. Тажен е, но си ја разбира својата одговорност.



# Референци

## Превенција и решавање на конфликти

### Критичко мислење

Линкови до активности:

http://www.mediekompass.se/lektionstips/kallkritik/

https://digitalalektioner.se/lektion/vad-sprids-pa-natet/

### Вклучување и диверзитет

„Wie Vielfalt Schule machen kann. Handreichung zur Arbeit mit dem Anti-Bias Ansatz an Grundschulen" FIPP e.V. Fortbildungsinstitut für die pädagogische Praxis, Berlin 2011, www.fippev.de

„Eine Welt der Vielfalt" Moderationshandbuch, Verlag Bertelsmann Stiftung Gütersloh 2002, out of print.

### Самоконтрола

Brynaa, Helle Midskov. 2016. "Hvem styrer Orkestret – Kriminalitetsforebyggelse, der virker". Støttet af Det Kriminalpræventive Råd.

Kappel, Rune. 2017. "Selv-kontrol hos børn og unge". Dansk Psykologisk forlag.

Последните две активности во модулов се од книгата на Рун Капел

### Моралност

M. Kelly, Effective Rules for the Classroom, 31st March 2019
https://www.thoughtco.com/classroom-rules-for-teachers-6408
Indicazioni Nazionali per la Scuola dell'infanzia e il primo ciclo (D.M. n. 254/2012)" – MIUR (Ministero dell'Istruzione, dell'Università e della Ricerca) – Citizenship and Constitution
http://www.indicazioninazionali.it/2018/08/26/indicazioni-2012/
Indicazioni Nazionali e nuovi scenari – Comitato Scientifico Nazionale per le Indicazioni Nazionali per il curricolo della scuola dell'infanzia e del primo ciclo di istruzione
http://www.miur.gov.it/documents/20182/0/Indicazioni+nazionali+e+nuovi+scenari/3234ab16-1f1d-4f34-99a3-319d892a40f2

https://www.goodcharacter.com/the-daily-dilemma/
https://aipd.it/la-favola-del-re-trentatre/

STRONGER TOGETHER

PRODUCED BY

VNB
Verein Niedersächsischer
BILDUNGSINITIATIVEN e.V.

Etterbeek

csci Consorzio Scuola Comunità Impresa

VIFIN

ÖSTRA GÖINGE

eco LOGIC